ГОДИШНА ПРОГРАМА НА СОУ „ТАКИ ДАСКАЛО“ БИТОЛА
за учебната 2025/2026 година

УЧИМЕ ЗА ДА РАБОТИМЕ – УЧИМЕ ЗА ЖИВОТ
ОБРАЗОВАНИЕ ЗА 21 ВЕК



Август 2025

1. ВОВЕД

Подобрување на квалитетот на образованието и воспитно-образовниот процес се едни од најважните приоритети на Средното општинско училиште “Таки Даскало“ – Битола. Наша определба е да креираме услови и потенцијал кој ќе овозможи стекнување знаења, поттикнување на креативноста, иновативноста, градење на хуманистички вредности, севкупен развој на личноста на нашите ученици и, подготвеност за работа и подобрување на квалитетот на живеење.

Наши приоритетни задачи се обезбедување на современи услови за одвивање на наставата, кои ќе ги следат современите европски и светски тековi, имплементирање на современи наставни планови и програми, отворање на нови образовни профили според потребите на пазарот на трудот, обезбедување на современи услови за учење и работа, перманентно професионално усовршување на наставниот кадар, примена на современа ИКТ-технологија, интеграција на теоријата и праксата, вклученост во меѓународни проекти и градење на современ воспитно-образовен систем, кој на учениците ќе им овозможи модерно образование според европски стандарди, услови за личен развој, стекнување компетенции според барањата на пазарот на трудот, а на наставниците ќе им овозможи услови за професионално и кариерно усовршување и напредување.

Наставниот процес во училиштето во стручното образование во сите струки се одвива според новите реформирани модуларни наставни планови и програми, кои се базираат на резултати од учењето и поголем акцент на практичната настава.

2. ЛИЧНА КАРТА НАУЧИЛИШТЕТО

адреса:	ул.„Димитар Илиевски - Мурато“ бр.37, Битола
телефони:	Директор: 075/253-925 Пом. директори:047/ 220-192
факс:	(047) 220-192
e-mail:	takidaskalobitola@gmail.com
WEB:	www.takidaskalo.edu.mk

2.1. Општи податоци за училиштето

СОУ „ Таки Даскало“ Битола својата дејност ја започна на 01.09.1984 год. со одлука на Собрание на Општина бр. 08/425/1 од 27.01.1984 год. со трансформација – здружување на гимназијата „Браќа Миладиновци“ и Училиштето за занимања на ученици во стопанството „Кочо Рацин“ Битола како Центар за средно стручно образование – Битола. Името „Таки Даскало“ училиштето го доби на 04.11.1985 година со решение на СО Битола. На почетокот на своето работење постоеа следните видови на образование: *рударска, автосообраќајна, градежна, текстилна, кожаро-гумарска струка* и *гимназиско образование*. Со решение на Републичкиот комитет за образование и наука бр. 11-1058 од 22.05.1985 година е добиена верификација за: *рударско-геолошка струка, автосообраќајна, градежно-архитектонска струка, кожаро-гумарска, текстилна струка* и *прехранбена струка*. Во учебната 1993/94 годинадоаѓа до намалување на образовните профили од градежно-архитектонската, кожаро-гумарската и прехранбената струка, а воведена е *графичката струка* со образовните профили графички техничар и печатар. Од учебната 1997/98 година повторно е застапено *гимназиското образование*, а од учебната 2001/02 година воведено е реформирано гимназиско образование. Со акт 09-526/2 од 20.04.2005 година добиена е верификација за специјалистичко образование од графичка и сообраќајна струка.

Во училиштето е овозможена хоризонтална и вертикална проодност со полагање на дополнителни испити во стручно и гимназиско образование.

Од 2004/05 година до денес во училиштето се реализираа значајни проекти на државно и меѓународно ниво, учениците и наставниците од СОУ „Таки Даскало“ – Битола постигнуваа забележителни резултати.

Со акт 11-42/1 од 04.01.2011 година добиена е верификација за градежно-геодетска струка, а со акт бр 11-6683/7-13 од 28.01.2014 година добиена е верификација за реформирано тригодишно стручно образование ракувач со рударски машини и со акт бр. 11-6683/6-13 од 28.01.2014 година добиена е верификација за реформирано тригодишно стручно образование печатар.

Со акт 12-2526 од 24.12.2015 година добиена е верификација за угостителско-туристичка струка, а од учебната 2017/18 година по Конкурсот за упис на ученици во прва година во средните училишта е воведено занимањето келнер.

Со акт бр. УП113-2796 од 09.06.2020 од учебната 2019/2020 година, добиена е верификација за струката е лични услуги – техничар за козметичка нега и убавина и со акт бр. 03-2475/1 од 15.05.2004 година во гимназиското образование одобрена е билингвална паралелка англиско-македонска.

Со акт 13-2226/4 од 27.05.2025 година одобрена е верификација за V степен за постстредно образование за возач инструктор-специјалист.

2.2. Просторни и материјално-технички услови за работа на училиштето

Објект блок «А»	3499 м^2	изграден во 1948 година
Објектблок «Б»	2183 м^2	Изграден во1948 година
Гимнастичка сала	411,68 м^2	адаптирана
Кошаркарска сала	318,75 м^2	
Терени и игралишта	1284 м^2	
Дворно место	1661 м^2	
Зелени површини	2133 м^2	
Пасаж	162,52 м^2	
Број на катови	3 во блок «А» и 2 во блок «Б»	
Број на училници	29	
Лаборатории	3	
Работилници	5	
Помали училници	7	
Кабинети и работилници	9	
Инклузивен центар	1	
Кариерен центар	1	
Просторија за работа со родители	1	
Библиотека	1	10.458 наслови 27.668 книги
Простории за администрација	9	
Организација на работата	Наставата се организира во 2 смени: претпладне од 7:15 до 13:15 часот и попладне од 13:30-19.30 ч.	
Загревање	сопствено парно на нафта	


Училиштето располага со:

➢ **106 преносни компјутери,** ➢ **113 монитори (од кои 52 хаер)** ➢ **69 куќишта,**	Сите училници опремени се со по еден компјутер за наставникот, а наставниот кадар располага со персонални - преносни компјутери, во 2021 година се набавени 9 нови компјутери Во 2023 набавени се 16 нови компјутери и 1 лап-

➢ **85 персонални компјутери** ➢ **34 куќишта хаер** ➢ **8 лаптопи** ➢ **461 компјутерски маси и** ➢ **700 наставни столчиња**	топ Во 2024 година набавени се 26 компјутери, 16 телевизори, 2 лап-топи, 18 табли, 3 принтери, опрема за снимање поткаст на Новинарскиот клуб Во 2025 година, 19 телевизори и 18 компјутери, 1 интерактивна табла, 5 бели табли, 13 зелени табли, 138 столчиња, опремен кабинет по лични услуги, електрична машина за везење (донација од проект на LEAD)
➢ **2 LCD проектор** ➢ **2 електронски табли** ➢ **1 интерактивна табла** ➢ **Надзорни камери**	наведената опрема се користи при презентации и предавања ревитализација на видео надзорот во училиштето
➢ **13 ласерски печатачи** ➢ **2 матрични печатачи** ➢ **5 скенери и** ➢ **1 фотокопир**	наведената опрема се користи за реализација на наставниот процес и целокупното работење на училиштето
➢ **19 телевизори**	истите имаат примена во реализацијата на наставната програма

2.3. Мапа на училиштето и план на просториите

Училиштето се наоѓа во центарот на Битола на улицата „Димитар Илиевски- Мурато“ 37, во близина на зградата Грозд.



- Училиштето работи во две смени, претпладне од 7:15 до 13:15 часот и попладне од 13:30 до 19:30 часот. (Во една смена гимназиско образование, сообраќајна и градежно-геодетска струка, а во друга смена другите струки со промена на смените во секој месец).
- Учебната година ќе започне на 1 септември 2025 година, а ќе заврши на 31.08.2026 год. Наставната година започнува на 1 септември 2025 година, а завршува на 10.06.2026 година, и планирано е да се реализираат 180 работни денови за незавршни паралелки, а за завршните паралелки наставата ќе трае до 15.05.2026 година и ќе се реализираат 164 работни денови.

2.4. Структура на училиштето

Во учебната 2025/2026 година во СОУ„Таки Даскало“ – Битола, учениците ќе бидат распоредени во соодветни паралелки предвидени во Конкурсот за запишување на ученици во гимназиско и стручно образование. Во училиштето се застапени следните видови на образование.

ВИД НА ОБРАЗОВАНИЕ	ГОДИНИ НА ОБРАЗОВАНИЕ	ЗАНИМАЊЕ-НАСОКА
Геологија, рударство и металургија	четиригодишно	Геолошко-рударски техничар – реформирани наставни планови
Сообраќај, траснпорт и складирање	четиригодишно	Сообраќаен техничар за патен сообраќај Техничар за транспорт и шпедиција
Тесктил, кожа и слични производи	четиригодишно	Техничар за дизајн на облека/ техничар за изработка на облека
Графичарство	четиригодишно	Графички техничар/ Графички уредник дизајнер
	тригодишно	Печатар
Градежништво и архитектурагеодезија	четиригодишно	Градежен техничар/ Архитектонски техничар
Угостителство и туризам	четиригодишно	Хотелско-туристички техничар
Лични услуги	четиригодишно	Техничар за козметичка нега и убавина
Гимназиско образование	четиригодишно	Општествено-хуманистичко А / Б, Јазично-уметничко А / Б, Математичко подрачје А / Б

		Билингвална паралелка англиско-македонска
Специјалистичко образование	Постсредно образование V-степен на образование во сообраќајна струка	Возач-инструктор специјалист

Прилог: Преглед на запишани ученици по паралелки

Реализацијата на наставните и воннаставните активности за учебната 2025/26 година ќе се организира од **91** наставник распоредени во **13** стручни активи, а стручните активи учествуваат преку своите програми во унапредувањето на квалитетот на редовната, додатната и дополнителната настава.

Прилог: Преглед на наставници по полова, етничка структура, степен на образование и старосна структура.

2.5. Управување – членови на Училишен одбор

Највисок орган на управување во училиштето е Училишниот одбор и работи според деловник за работа предвиден со Законот и Статутот на Училиштето.

Училишниот одбор брои 12 члена:

1. Сашо Илиевски, претседател
2. Татјана Црнец, заменик – претседател
3. Кире Ивановски
4. Анета Димовска
5. Олгица Илиевска
6. Ице Дамјановски
7. Јасмина Бошевска
8. Горица Поповска-Налевска
9. Жанета Сервини
10. Петар Горко
11. Магдалена Трајчевска
12. Ромео Бошевски

Прилог: Програма за работа на Училишниот одбор

2.6. Раководење

Раководен орган на Училиштето е директорот. Во работата на Директорот му помага еден помошник-директор.

<u>Прилог:</u> Програма за работа на директорот
<u>Прилог:</u> Програма за работа на помошник-директор

2.7. Родители

Вклучувањето на родителите во активностите на СОУ „Таки Даскало” Битола придонесува за решавање на прашања поврзани со иднината на нивните деца и целата заедница. Својот придонес родителите во работата на Училиштето го реализираат преку:

- ✓ Одбор на родители на паралелката;
- ✓ Одбор на родители на годината;
- ✓ Совет на родители на учениците во Училиштето;
- ✓ Учеството работата на Училишниот одбор на училиштето.

Одговорен наставник за соработка со родителите:

- **Марија Младеновска-Димитровска**

Членови на Советот на родители:

1. Жанета Сервини – претседател
2. Петар Горко
3. Олгица Илиевска
4. Лидија Дандушевска
5. Игор Макаловски
6. Николина Терзиевска
7. Билјана Илијовска
8. Здравко Димовски
9. Александра Пресилска

<u>Прилог:</u> Програми за работа на Совет на родители, Одбор на родители и членови

2.8. Раководител на паралелката

Организацијата и реализацијата на работата во паралелката му е доверена на класниот раководител. Неговите обврски и работни задачи се дефинирани во Статутот на Училиштето.

Прилог: План за работа на класниот раководител, по програмата за ОЖВ, должности на класниот раководител

2.9. Стручни активи

Стручните активи се одговорни за подобрување на квалитетот на наставата, преку заедничко изработување на глобални и тематски планирања и зголемување на соработката помеѓу наставниците.
Стручните активи донесуваат акциони планови за подобрување на успехот и поведението, на ниво на активи, а потоа тие се вградуваат во генералниот Акционен план.

Во Училиштето функционираат следните стручни активи:

- **ЈАЗИЧЕН АКТИВ**

1. ***Актив по македонски јазик и литература***
   Одговорен наставник – Јулијана Јосифовска
   Прилог: Програма

2. ***Актив по странски јазици и латински јазик (англиски јазик, француски јазик, германски јазик и латински јазик)***
   Одговореннаставник – Елена Сотиров
   Прилог: Програма

3. **ОПШТООБРАЗОВЕН АКТИВ – ОПШТЕСТВЕНО–ХУМАНИСТИЧКИ ПРЕДМЕТИ (*Актив по социологија, психологија, логика, филозофија, историја, педагогија, менаџмент и бизнис)***
   Одговорен наставник – Наташа Ралевска-Вучкова
   Прилог:Програма

4. **ОПШТООБРАЗОВЕН АКТИВ – ПРИРОДНИ НАУКИ (математика, биологија, хемија, *физика, информатика, електротехника и електроника, сметачи и програмирање*)** Одговорен наставник – Татјана Црнец

5. **ОПШТООБРАЗОВЕН АКТИВ – СПОРТ И УМЕТНОСТИ**

Одговорен наставник– Владимир Трифуновски
Прилог:Програма

6. ***Актив по ликовна уметност (култура) и музичка уметност (култура)***
   Одговорен наставник– Љубица Мешкова – Солак
   Прилог:Програма

АКТИВИ НА СТРУЧНИ ПРЕДМЕТИ

7. ***Актив по рударски стручни предмети***
   Одговорен наставник–Елизабета Ристевска
   Прилог:Програма

8. ***Актив по сообраќајни и машински стручни предмети***
   Одговорен наставник – Томе Андоновски
   Прилог:Програма

9. ***Актив по текстилни стручни предмети***
   Одговорен наставник –Живка Ицановска
   Прилог: Програма

10. ***Актив по графички стручни предмети***
    Одговорен наставник – Миле Атанасоски
    Прилог:Програма

11. ***Актив по градежно-геодетски стручни предмети***
    Одговорен наставник – Михаил Наумовски
    Прилог:Програма

12. ***Актив за угостителско-туристички стручни предмети и географија***
    Одговорен наставник – Николче Гелевски
    Прилог:Програма

13. ***Актив по лични улуги***
    Одговорен наставник – Славица Јовевска
    Прилог: Програма

2.10. Стручни органи и тела

Стручни органи во Училиштето се:

2.11. Наставнички совет

Наставничкиот совет на Училиштето е составен од наставниците и стручните соработници вклучени во воспитно-образовната дејност. Делокругот за работа на Наставничкиот совет се утврдува со одредби од Статутот и Законот за средно образование.

Со цел да се конкретизира работата на Наставничкиот совет на Училиштето изготвен е и усвоен Деловник за работа.

Од седниците на Наставничкиот совет се води записничка книга. Записниците ги изготвува Педагошко-психолошката служба во Училиштето.

Одговорен наставник: Марија Младеновска-Димитровска.

Прилог:Програма на Наставничкиот совет и список на членови на Наставнички совет

2.12. Совет на годината, односно Совет на струката

Советот на годината го сочинуваат наставници и стручни соработници кои изведуваат настава во струката, односно годината.

2.13. Совет на паралелката

Советот на паралеката го сочинуваат наставници и стручни соработници реализатори на наставата во паралелката.

Советот на годината (струката) и Советот на паралелката се состануваат, по правило, на секои три месеци, а по укажана потреба и почесто. Делокругот за работа на Советот се утврдува со Закони Статутот на Училиштето. За работата на Советот на годината се водат записници од страна на Педагошко–психолошката служба на Училиштето.

Со работата на Наставничкиот совет, Советот на годината (струката) и Советот на паралелката раководат Директорот и помошник-директор.

2.14. Заедница на учениците

Најголем придонес во развојот на актуелноста на Училиштето придонесува Ученичката заедница преку бројни активности низ кои до израз доаѓаат индивидуалните вредности, креативноста и иновативност на учениците. Активностите на заедниците на учениците се планирани во Годишната програма

за работа како една од приоритетните задачи.

Работата на заедниците на учениците е организирана во форма на:

- Ученички заедници на паралелките;
- Ученички заедници по години на образование;
- Ученичка заедница на ниво на Училиште;

Целта, задачите и активностите се дадени во Програмата за работа на заедниците.

Одговорен наставник: **Наташа Ралевска – Вучкова**

Прилог:Програма

2.15. Членови на Еко-одбор

1. Весна Мундишевска – Велјановска
2. Тони Видевски
3. Драгица Здравковска
4. Валентина Ристевска
5. Љубица Мешкова Солак
6. Катерина Спасовска-Маурдева
7. Живка Ицановска
8. Весна М.Трајковска
9. Игор Горко
10. Марија Цветановска
11. Горица Поповска-Налевска

2.16.Наставен и ненаставен кадар

Во учебната 2025/2026 година воспитно-образовниот процес ќе го реализираат вкупно **91** наставник со соодветна стручна спрема, подготвени да ги следат промените во образовниот систем во Р.С.Македонија и да реализираат настава според соодветни наставни планови и програми.

Прилог:Преглед на вработени по етничка и полова структура, преглед според степен на образование и старосна структура кадар по степен на образование.

Преглед на вработени по етничка и полова структура

	Вкупно	*Етничка и родова структура на вработени*									
		Македонци		Албанци		Турци		Роми		Други	
		м	ж	м	ж	м	ж	м	ж	м	ж
Број на вработени	118	33	84	/	1	/	/	/	/	/	/
Број на наставен кадар	90	26	63	/	1	/	/	/	/	/	/
Број на стручни соработници	6	/	6	/	/	/	/	/	/	/	/
Административни работници	3	1	2	/	/	/	/	/	/	/	/
Техничка служба	17	5	12	/	/	/	/	/	/	/	/
Директор	1	1	/	/	/	/	/	/	/	/	/
Помошник директор	1		1	/	/	/	/	/	/	/	/

Старосна структура на вработени

Години	Број на вработени
25-35 год.	8
36-45 год.	24
46-55 год.	36
Над 55 год.	50
Вкупно:	**118**

Степен на образование на вработените

Образование	Број на вработени
Доктори на наука	3
Магистри на наука	10
Специјалист	2
Високо образование	82
Виша стручна подготовка	2
Средно образование	17
ВКВ	2

Прилог: Преглед на ученици по етничка и полова структура

	Бр. на класови	Бр.на ученици	Етничка и родова структура на учениците																	
			Македонци		Албанци		Турци		Роми		Хрвати		Власи		Срби		Бошњаци		Вкупно	
			м	ж	м	ж	м	ж	м	ж	м	ж	м	ж	м	ж	м	ж	М	Ж
I	11	247	106	98	11	3	4	3	6	14	/	1	/	/	/	1	/	/	127	120
			204		14		7		20		1		/		1		/		247	
II	11	204	70	86	10	6	10	3	4	13	/	/	1	1	/	/	/	/	95	109
			156		16		13		17		/		2		/		/		204	
III	11	214	91	90	7	4	9	5	3	4	/	/	/	1					110	104
			181		11		14		7		/		1						214	
IV	11	168	68	74	1	10	3	4	3	5							/	/	75	93
			142		11		7		8								/		168	
Вкупно	44	833	335	348	29	23	26	15	16	36	/	1	1	2	/	1	/	/	407	426
∑	44	833	683		52		41		52		1		3		1		/		833	

2.17. Училишни тимови

Училишен инклузивен тим

Во СОУ “Таки Даскало“ Битола е формиран Училишен инклузивен тим (УИТ) кој работи со децата со посебни образовни потреби. Училишниот инклузивен тим формира посебни индивидуални инклузивни тимови за учениците со посебни потреби, изготвува Правилник за работа на УИТ, Програма за работа на Училишниот инклузивен тим, Акционен план за работа УИТ, индивидуални образовни планови (ИОП) за секој ученик со посебни образовни потреби одделно, за секоја учебна година. Исто така, УИТ ја координира работата на индивидуалните инклузивни тимови за учениците, дава насоки, инструкции и поддршка при изготвувањето и спроведувањето на индивидуалните образовни планови и врши нивна евалуација и ревизија. Исто така, по проценка на УИТ и по потреба, Училишниот инклузивен тим ќе биде проширен со вклучување на надворешни стручни лица.

Училишниот инклузивен тим (УИТ) во СОУ “Таки Даскало“ Битола работи во следниот состав:

1. Ристо Грујовски – директор
2. Марија Младеновска-Димитровска – психолог, координатор на УИТ
3. Снежана Паскова, наставник по графички стручни предмети
4. Татјана Црнец, кариерен советник и наставник по физика
5. Весна Илиевска – родител
6. Ѓурѓица Негреска – родител
7. Весна Колевска – Атанасоска, образовен асистент
8. Ученик претставник од Ученичкиот совет
9. Претставник од деловната заедница

Тим за развој и стратешко планирање

1. Ристо Грујовски – директор
2. Даниела Митревска – помошник – директор
3. Марија Младеновска – Димитровска – психолог
4. Весна Мундишевска-Велјановска, наставник по графички стручни предмети
5. Милица Димитријовска – Радевска, наставник по македонски јазик и литература

Тим за квалитет

Ристо Грујовски – директор, претседател
Даниела Митревска, заменик-претседател
Марија Младеновска-Димитровска, член
Весна Мундишевска-Велјановска, член
Милица Димитријовска-Радевска, член
Мирјана Гичевска, член
Наташа Ралевска-Вучкова, член

Тим за професионален развој

1. Марија Младеновска-Димитровска – психолог, претседател,
2. Ристо Грујовски – директор,
3. Наташа Ралевска-Вучкова, психолог,
4. Милица Радевска-Димитријовска, наставник по македонски јазик и литература

Тим за самоевалуација на училиштето

Ристо Грујовски – директор, претседател
Даниела Митревска, заменик-претседател
Марија Младеновска-Димитровска, член
Весна Мундишевска-Велјановска, член
Милица Димитријовска-Радевска, член
Мирјана Гичевска, член
Наташа Ралевска-Вучкова, член

Тим за кариерно советување

Ристо Грујовски, директор
Мирјана Гичевска, психолог, лиценциран кариерен советник
Марија Младеновска-Димитровска, психолог
Тања Црнец, кариерен советник
Валентина Ацевска, кариерен советник
Валентина Маневска, координатор за практична настава

Тимови за спроведување на проектот од МОН “Квалитетно образование за сите“

Основен тим

1. Ристо Грујовски – директор,
2. Марија Младеновска-Димитровска, психолог, координатор
3. Жанета Сиваков, наставник по градежни стручни предмети
4. Милица Димитријевска-Радевска, наставник по македонски јазик и литература

Поширок училишен тим

1. Валентина Богојовска, наставник по англиски јазик
2. Мирјана Гичевска, психолог
3. Лидија Јовановска, родител
4. Ана Ацевска, ученичка во четврта година гимназија
5. Анастасија Грујевска, ученичка во четврта година гимназија
6. Светислав Петров, член на заедницата

Тим за подобрување на успехот на учениците

1. Мирјана Гичевска, психолог
2. Марија Младеновска-Димитровска – психолог
3. Наташа Ралевска-Вучкова, психолог
4. Марија Јовановска, педагог
5. Доминика Русомарова, психолог

Тим за меѓуетничка интеграција во образованието

1. Наташа Ралевска-Вучкова, психолог, координатор
2. Анета Мицевска, наставник по социологија
3. Весна М.Трајковска, наставник по филозофија
4. Трајче Катароски, наставник по историја

Тим за превенција од врсничко насилство, занемарување и злоупотреба

Ристо Грујовски, директор
Марија Младеновска-Димитровска – психолог, контакт-лице за пријавување на насилство
Наташа Ралевска-Вучкова, психолог, заменик контакт-лице за пријавување на насилство
Мирјана Гичевска, психолог
Доминика Русомарова, психолог

Тим за самозаштита

Марија Младеновска-Димитровска, психолог координатор
Весна Христовска – наставник по биологија
Александра Ѓоргиевска, наставник по географија
Ангела Николовска, наставник по сообраќајни стручни предмети
Томе Андоновски, наставник по сообраќајни стручни предмети
Елизабета Ристевска, наставник по рударски стручни предмети

Тим за спречување на говор на омраза

Марија Младеновска-Димитровска – психолог
Мирјана Гичевска, психолог
Наташа Ралевска-Вучкова, психолог
Доминика Русомарова, психолог

3. МИСИЈА И ВИЗИЈА НА СОУ „ТАКИ ДАСКАЛО“ БИТОЛА

ИЗЈАВА ЗА МИСИЈАТА

- **Квалитетно образование за сите, современ образовен процес кој ќе понуди стекнување на знаења и компетенции согласно барањата на пазарот на трудот, адаптиран на индивидуалните можности и потреби на учениците.**
- **Постигнување на заеднички цели на наставниците и учениците за унапредување на успехот и редовноста во процесот на реализација на наставниот план и програма.**
- **Поттикнување на демократските вредности на учениците и наставниот кадар, поттикнување на мотивацијата за напредување, иновативност, креативност, компетитивност и соработка меѓу учениците и наставниците**
- **Соработка со родителите, локалната заедница, грижа за унапредување на здравјето и безбедноста на учениците, унапредување на училишната клима, заемната почит, тимската работа и поттикнување на кариерниот и професионален развој на учениците и наставниците**
- **Перманентно стручно усовршување на наставниот кадар за реализација на наставните планови и програми и проекти и вклученоста на учениците во обуки кои опфаќаат техники за самостојно учење и вештини за критичко и аналитичко мислење кои ќе не доближат до европските образовни системи**

МОТО

- ***ПРАКТИЧНА ПРИМЕНА НА ЗНАЕЊЕТО***

ЛОГО

- ***УЧИМЕ ЗА ДА РАБОТИМЕ -УЧИМЕ ЗА ЖИВОТ***

ВИЗИЈА

- **СОУ „Таки Даскало“ Битола да биде училиште кое им нуди на учениците проширени знаења во гимназиско и стручно образование, преку следење на современите форми и методи кои се применливи во практиката на пазарот на трудот и мотивирање на наставниот кадар за континуирано професионално усовршување, знаења апликативни во практиката на пазарот на трудот во локалната средина и во европските земји со осовременување на условите за учење и личен развој.**
- **Нашата визија ќе ја остваримe преку соочување со предизвиците на современите образовни системи, градење на демократски вредности, демократска култура, флексибилност, приспособливост на наставниот кадар на современите текови, развој на компетенциите за соработка, емпатичност, ентузијазам, јазични комуникациски вештини за интер и интра културен дијалог**

4. ВЕЌЕ НАУЧЕНИ/СТЕКНАТИ ИСКУСТВА

Врз основа на демографската структура во општина Битола последнава декада постои перманентен пад на бројот на средношколци, а со тоа и пад на бројната состојба на учениците во СОУ „Таки Дакало“. Поаѓајќи од ваквата состојба и свесни за предизвиците кои стојат пред нас, а врз основа на искуствата стекнати со реализацијата на меѓународните проекти, активностите на вработените ќе бидат насочени кон постигнување подобар квалитет, флексибилност, мобилност и можност за одговор на потребите и промените како во македонското општество,така и во европската заедница.

Следејќи ги искуствата свесни сме дека се повеќе професии бараат исклучиво познавање на модерната технологија, но и на потребата од доживотно учење. Темелните заеднички компетенции на гимназиското и стручното образование се стремиме да ги развиваме според европските стандарди.

<u>Прилог:</u> Годишен извештај за работа на Училиштето за учебната 2024/2025 година

5. ПРИОРИТЕТИ

Како приоритетни задачи што пред себе ги поставува СОУ „Таки Даскало“ Битола за учебната 2025/2026 година може да се издвојат:

1. Креирање современ образовен центар за стручно и гимназиско образование во кој ќе се учат ученици од поширокиот регион; Развој на дуалното образование;
2. Креирање уписна политика и образовни профили согласно современите текови и потребите на бизнис заедницата, кои ќе овозможат продукција на квалификувана работна сила и вработување на пазарот на трудот;
3. Инфраструктурно подобрување и осовременување на просторно-техничките услови за работа во училиштето (опрема, современи наставни помагала и средства во наставата, ИКТ, за реализација на наставните планови и програми, современи машини и апарати за опремување на кабинетите за изведување на практична настава);
4. Меѓународна соработка на училиштето со други образовни институции преку аплицирање и реализација на Еразмус проекти, размена на искустава и добри европски практики и мобилност на наставен кадар и

ученици;

5. Подобрување и унапредување на воспитно-образовниот процес, современи методи и техники на настава, модернизација и компјутеризација на воспитно-образовниот процес и квалитетот на наставата, реализација на проекти за подобрување и осовременување на наставниот процес; подобрување на успехот и постигањата на учениците, зголемување на обемот на реализација на дополнителната и додатната настава, зголемување на редовноста на учениците;

6. Развој на дигиталната писменост, дигиталните вештини за користење на вештачката интелигенција во процесот на наставата, обуки на наставниот кадар за користење на дигитални алатки;

7. Поддржување на професионалниот развој на наставниот кадар, организирање на обуки за наставниот кадар за зголемување на нивото на стручните компетенции за квалитетна реализација на воспитно-образовниот процес, за примена на различни активни методи на настава и интерактивно учење, за работа со ученици со посебни образовни потреби, индивидуализирана настава, давање поддршка на наставниот кадар од страна на стручната служба;

8. Меѓународна соработка – поттикнување на интеракцијата, соработка и мобилност на наставен кадар и ученици, споделување на искуства и добри практики со нашите европски партнери, аплицирање и реализација на проекти од Еразмус плус програмата;

9. Соработка со локалната заедница, реализација на заеднички проекти, вклучување во активности со локалната заедница, активности за обезбедување на донации за училиштето и обезбедување на финансиски средства за самофинансирање и унапредување на воспитно-образовниот процес;

10. Градење партнерство со родителите (семејството) и локалната заедница и заемна поддршка;

11. Грижа и унапредување на менталното здравје на учениците, психосоцијална поддршка и едукација за унапредување на физичкото, психичкото и емоционалното здравје на учениците; вклучување во проекти за подобрување на менталното здравје и едукативни работилници; зголемување на безбедноста и здравјето на учениците и нивниот успех и поведение;

12. Интегрирање на инклузивното образование, градење на инклузивно училиште кое ќе промовира толеранција, прифаќање на различностите, развивање на меѓусебна поддршка кај учениците. Обезбедување

атмосфера за поддршка, која ги стимулира позитивните идеи за инклузивно образование, меѓуетничка интеграција во образованието,креирање на безбедна и хармонична средина и позитивна училишна клима;

13. Мултиетничка интеграција во образованието, преку реализација на проекти кои промовираат мултиетничка толеранција, промовирање на различности, вклучување на ученици во разни проекти и активности кои поддржуваат мултиетничка интеграција;

14. Еко-училиште – развивање на еколошката свест кај учениците и поголема грижа за околината;

15. Професионален развој на учениците преку спроведување на програмата за кариерно советување и кариерен развој и реализација на проекти од областа на кариерно советување и кариерен развој

16. Промовирање на волонтеризмот кај учениците и на младинскиот активизам, преку поттикнување на вклучување на учениците во волонтерски акции, во носењето одлуки и нивна поголема партиципација во проекти кои се однесуваат на младинското учество;

17. Развој на образовните можности за возрасните, развој на неформалното образование.

18. Промоција и афирмација на училиштето во поширокатa заедница.

5.1. Цели

Согласно поставените приоритети на училиштето, произлегуваат и следните цели кои се поставени за реализација на воспитно-образовниот процес во СОУ “Таки Даскало“:

- Реализација на Развојниот план на училиштето и Акциски план за стратешки развој кој ќе го трасира патот на училиштето во наредните години – и поставените приоритети за современ образовен центар за стручно и гимназиско образование; развој на дуалното образование преку формирање на дуални паралелки
- Лобирање во МОН и локалната самоуправа за добивање поддршка при креирањето на уписната политика на училиштето за отворање на нови атрактивни струки и образовни профили кои се барани на пазарот на трудот.
- Реализација на инфраструктурни проекти за подобрување на воспитно-образовниот процес за санирање на училниците, кабинетите, внатрешните скали, училишните врати, тоалетите во училиштето; промена на електричната инсталација во училиштето;
- Подобрување на меѓународната соработка на училиштето со други образовни

институции преку аплицирање и реализација на Еразмус проекти, размена на искустава и добри европски практики и мобилност на наставен кадар и ученици;

- Опремување на училниците и кабинетите со нова соодветна опрема, апарати, технички помагала и нагледни средства; набавка на нова современа компјутерска опрема; аплицирање на проекти за осовременување на училиштето;
- Развивање на дигиталната писменост, преку обуки на наставниот кадар за користење на дигиталните вештини и употреба на вештачката интелигенција во процесот на наставата;
- Развивање на вештините и компетенциите за изработка на проекти и аплицирање кај наставниот кадар кои ќе овозможат подобрување на условите за работа и наставниот процес;
- Аплицирање за добивање на проекти и грантови од странски амбасади и донации за реализација на инфраструктурни проекти;
- Идентификување на потребите за професионален развој на наставниците и организирање на соодветни обуки за наставниот кадар за професионален развој согласно потребите и дисеминација на стекнатите искуства и знаења;
- Зголемување на обемот на реализација на дополнителната и додатната настава, зголемување на обемот на советување на учениците и родителите за подобрување на постигањата и редовноста;
- Аплицирање за добивање на проекти од програмата Еразмус плус за поголема мобилност на наставниот кадар и учениците со цел стекнување европски искуства и нивна имплементација во практиката;
- Зголемување на соработката со родителите, организација на заеднички активности со родителите, настани, зголемување на учеството на одборите на родители и Советот на родители во активностите на училиштето;
- Реализација на проекти за инклузивно образование; реализација на активности за поголема инклузивност на децата со посебни образовни потреби;
- Реализација на проекти и активности од мултиетничка интеграција во образованието;
- Реализација на еколошки проекти и активности, за подигнување на еколошката свест на учениците;
- Зголемен обем на кариерно советување на учениците од страна на кариерните советници и стручната служба и нивна професионална ориентација;
- Едукација и активности за подобрување на менталното здравје кај учениците;
- Организирање на активности кои ќе промовираат волонтеризам и младинско учество на учениците, учества во проекти, работилници, организирање предавања, трибини, дебати.
- Реализација на активности за промоција и афирмација на училиштето во поширокатa локална заедница.

6. АКЦИОНЕН ПЛАН

Акциониот план за учебната 2025/2026 година е во согласност со потребите за развој на училиштето и е изработен врз основа на согледувањата добиени од самоевалуацијата и кон реализација на поставените приоритети и цели.

6.1. АКЦИОНЕН ПЛАН НА СОУ "ТАКИ ДАСКАЛО" ЗА УЧЕБНАТА 2025/2026 ГОДИНА

Година 2025/2026								
Задача	**Активност**	**Во текот на учебна година**	**Носител**	**Начинна спроведување**	**Инструменти**	**Очекуван и резултат**	**Одговорно лице**	**Потребен буџет**
1.Прераснување на СОУ Таки Даскало во современ образовен центар за стручно и гимназиско образование, развој на дуалното образование	➢ Реализација на Развојниот план на училиштето и Акциски план за стратешки развој ➢ Креирање на уписна политика и образовни профили согласно современите текови и потребите на бизнис заедницата, кои ќе овозможат продукција на квалификувана работна сила и вработување на пазарот на трудот; ➢ Лобирање во МОН, Општина Битола за поддршка на уписната политика на училиштето ➢ Лобирање во МОН, Општина Битола, ЦСОО за поддршка за прераснување на училиштето во современ образовен центар ➢ Продукција на квалификувана работна сила согласно потребите на паарот на трудот ➢ Поддршка од поширокатa локална заедница ➢ Поголема вклученост на учениците во бизнис заедницата ➢ Развој на дуалното образование, отворање на дуални паралелки во сите струки		Директор Помошници-директори, Училишен одбор Тим за стратешко планирање на училиштето, Тим за квалитет Тим за самоевалуација, Стручна служба, Наставници Совет на родители	Анализа на потребите за развој на училиштето, анализа на потребите на наставниот кадар и учениците и следење на состојбите, начинот на реализација и напредокот на училиштето	Извештаи за спроведени активности и анализи Извештаи од состаноци на менаџерскиот тим и Тимот застратешко планирање на училиштето Извештај од спроведена анализа на Тимот за стратешко планирање, Тим за квалитет Извештаи од стручните активни, Училишниот одбор, Совет на родители	Развој на училиштето, Подобрени услови за работа, Успешен воспитно-образовен процес	Директор Помошници-директори, Училишен одбор, Тим за стратешко планирање на училиштето Тим за квалитет, тим за самоевалуација, Стручна служба,	Финансиски средства за реализација на активностите предвидени во Развојниот план Средства од буџетот на училиштето Самофинансирачки средства донации

2.Инфраструктурно подобрување и осовременување на просторно-техничките услови за работа во училиштето	➢ Реализација на проектот за реконструкцијата на внатрешните небезбедни скали во блок А, од двата влеза ➢ Реконструкција на подот во ходниците во блок А ➢ Поставување на термичко-изолациона фасада на зградата во блок А ➢ Проект за реконструкција на библиотеката во современа медиотека ➢ Легализација на помошна зграда која се води како привремен објект и нејзина адаптација за работилници за стручното образование ➢ Проект за создавање на мултимедијален простор и конференциска сала за состаноци и комуникација и организирање семинари, конференции, обуки ➢ Проект за реконструкција на санитарните јазли, канализационата и водоводната мрежа на училиштето ➢ Аплицирање за добивање на проекти за инфраструктурно подобрување ➢ Аплицирање за добивање на грантови од Јапонската и Германската амбасада за инфраструктурно подобрување на условите за работа во училиштето ➢ Аплицирање за проекти од Регионалниот фонд за предизвици за добивање грантови за средните училишта ➢ Изработка на проект за засебно загревање на спортските сали ➢ Уредување на металната ограда и на училишниот двор од предната страна на училиштето, ➢ Поставување на порти на главниот влез на училиштето и влезот од северната страна ➢ Санација и реконструкција на оџаците на двете згради ➢ Поставување на спомен-биста на патронот на училиштето во училишниот двор со пристапно плато ➢ Уредување на простор за Медиумскиот клуб на учениците ➢ Уредување на кабинет за природните науки ➢ Набавка на нова професионална машина за чистење, правосмукалка ➢ Набавка на опрема за кабинетот по информатика ➢ Набавка на училишен и канцелариски мебел ➢ Набавка на наставни средства за сите струки и ИКТ опрема	**Во текот на учебната година**	Директор, Помошници-директори, Тим за стратешко планирање Проектни тимови за изготвување на проектна документација вработени	Материјални и човечки ресурси	Извештаи од реализирани инфраструктурни проекти Финансиски извештаи	Подобрени услови за учење и работа	Директор Помошници-директори, Училишен одбор Тим за стратешко планирање	Финансиски средства од Општина Битола, самофинансирачката сметка на училиштето Донации, проекти

3.Подобрување и унапредување, современи методи и техники на работа, модернизација и компјутеризација на воспитно-образовниот процес и квалитетот на наставата	➢ Набавка на нова современа компјутерска опрема ➢ Набавување на современи наставни помагала и средства за реализација на наставните планови и програми ➢ Опремување на училниците со современи наглед ни средства, нови табли, ➢ Опремување на кабинетите со современа опрема и машини за изведување на практичната настава ➢ Аплицирање за добивање проекти за осовременување на образовниот процес	**Во текот на учебната година**	Директор, Помошници-директори, Тим за стратешко планирање Наставен кадар	Материјални и човечки ресурси	Извештаи од реализирани проекти Финансиски извештаи	Подобрени услови за учење и работа, Подобра опременост на кабинетите и училниците Осовременување на наставата	Директор Помошници -директори, Тим за стратешко планирање Наставен кадар	Финансиски средства од Општина Битола, самофинансирачката сметка на училиштето Донации, проекти

4.Меѓународна соработка на училиштето преку Еразмус програмата и други меѓународни проекти	➢ Аплицирање за Еразмус проекти ➢ Реализирање на Еразмус проекти за размена на искуства и добри европски практики и мобилност на наставен кадар и ученици ➢ Мобилност на ученици и на наставен кадар ➢ Вмрежување на училиштето со други училишта ➢ Аплицирање за проекти од Советот на Европа	**Во текот на годината**	Директор, Помошници-директори, Тим за стратешко планирање Тим за Еразмус проекти Наставен кадар	Материјални и човечки ресурси Буџети на проектите	Извештаи од реализирани проекти Финансиски извештаи	Подобрени вештини за проекти,	Директор Помошници -директори, Тим за стратешко планирање Тим за Еразмус проекти Наставен кадар	Финансиски средства од Општина Битола, самофинансирачката сметка на училиштето Донации, проекти

5.Поддржување на професионалниот развој на наставниот кадар	➢ Идентификување на потребите за стручно усовршување на наставниот кадар заедно со Тимот за професионален развој ➢ Изработка на програма и стратегија за професионален развој на наставниците со јасни цели и приоритети во стручното усовршување на наставниот кадар ➢ организирање на обуки за наставниот кадар и стручните соработници за зголемување на нивото на стручните компетенции за квалитетна реализација на воспитно-образовниот процес, ➢ Подобрување на професионалните компетенции преку подобрување на информатичките компетенции на наставниците за користење за ИКТ технологија ➢ Обука на наставниот кадар за примена на различни активни методи на настава и интерактивно учење ➢ Обуки за инклузивно образование за наставниците и стручните соработници, за работа со ученици со ПОП и подобрување на компетенциите за индивидуализиран пристап во наставата ➢ Обука на наставниот кадар за современи форми и методи на работа и користење алатки и онлајн платформи ➢ Давање поддршка на наставниот кадар од страна на стручната служба; ➢ Вклученост во проекти кои поддржуваат професионален развој на наставниот кадар и стручната служба преку МОН, БРО, ЦССОО, Еразмус	**Во текот на учебната година**	Директор, Наставници, стручна служба, Тим за професионален развој	Анализи на постоечка состојба, организирање и учество на обуки, семинари стручни конференции и примена на стекнатите сознанија во практика со расположливи физичкии човечки ресурси Личен план за професионален развој	Извештаи за реализирани обуки, семинари, за посетени конференции, конгреси, анкети, прашалници, формални и неформални разговори Ажурирани портфолијакои содржат сертификати На наставниците за поминатите обуки и семинари Стручени професионален напредок на наставници и стручните соработници	Успешно завршени обуки кои ги задоволуваат интересите на наставниците подобрување и унапредување на процесот на настава Конкретни резултати од секоја активност внесениво портфолиото и запишани во биографијата на наставникот. Поголема стручна оспособеност на наставниците за индивидуализиран пристап	Директор Помошници-директорит, стручна служба, претседател и на активи Тим за професионален развој	Финансиски средства од училиштето, Општина Битола, самофинансирачката сметка на училиштето МОН, БРО Еразмус проекти

6. Меѓународна соработка, градење партнерства, меѓународни проекти за мобилност	➢ Аплицирање за проекти во рамките на Програмата “Еразмус плус“: ➢ Реализација на Еразмус проект “Единство во движење“, Unity in motion KA 220 SCH, 2024-2026 ➢ Реализација на Еразмус проекти кое се во фаза на апликација ➢ Прифаќање на партнерства за меѓународна размена на иксуства и добри практики ➢ Зголемување на мобилноста на наставниот кадар и учениците и примена на европските искуства ➢ Посета на ученици од партнерски училишта, културна размена на знаења, вештини и компетенции ➢ Подигање на квалитетот и значењето на гимназиското и стручното образование и обука, преку соработка со европските училишта овозможуваме градење европски партнерства, размена на добри практики, зголемување на стручноста на нашиот кадар и развивање на вештини на наставниците и учениците	**Во текот на учебната година**	Директор Помошници-директори, Проектни тимови Наставници, педагошко-психолошка служба	Меѓународни посети, мобилност во земјите-партнери вклучени во проектите, размена на искуства, заеднички активности со вклученост на расположливите материјални и човечки ресурси	Извештаи за реализирани меѓународни проекти и посети на партнерски училишта, размена на ученици и наставници со европските земји	Подобрена меѓународна соработка со партнерски училишта размена на искуства и ученици од европските земји Промоција на училиштето и државата во земјата и странство Реализирани меѓународни проекти за стручно оспособување на наставниците, мобилност на наставен кадар и ученици во странство	Директор , координатор и на проекти, наставници, проектни тимови стручни соработници	Буџети од проектите
7. Развој на дигиталната писменост кај настаниот кадар	➢ Организација и реализација на обуки за дигитална писменост и користење на дигитални алатки во наставата ➢ Обуки за користење на вештачка интелигенција во наставниот процес	**Во текот на учебната година**	Директор, Наставници, стручна служба, Тим за професионален развој	Анализи на постоечка состојба, организирање и учество на обуки, семинари стручни конференции и примена на стекнатите сознанија во практика со расположливи физички,човечки	Извештаи за реализирани обуки, семинари, за посетени конференции, конгреси, анкети, прашалници, формални и неформални разговори Ажурирани портфолијак сертификати	Успешно завршени обуки кои ги задоволуваат интересите на наставниците подобрување и унапредување на процесот на настава Конкретни резултати од секоја активност	Директор Помошници-директорит, стручна служба, претседател и на активи Тим за професионален развој	Финансиски средства од училиштето, Општина Битола, самофинансирачката сметка на училишт

8. Соработка со локалната заедница, реализација на заеднички проекти, обезбедување финансиска поддршка од локалната заедница	➢ Потпишување на меморандуми за соработка со правни субјекти ➢ Активности за обезбедување на донации за училиштето од локалната заедница ➢ Активности за самофинансирање на училиштето ➢ Апликација за проекти за подобрување на условите за работа во училиштето	**Во текот на учебната година**	Директор Помошници-директори, Проектни тимови Наставници, педагошко-психолошка служба	Меѓународни посети, мобилност во земјите-партнери вклучени во проектите, размена на искуства, заеднички активности со вклученост на расположливите материјални и човечки ресурси	Извештаи за реализирани меѓународни проекти и посети на партнерски училишта, размена на ученици и наставници со европските земји	Подобрена меѓународна соработка со партнерски училишта размена на искуства и ученици од европските земји Промоција на училиштето и државата во земјата и	Директор , координатори на проекти, наставници, проектни тимови стручни соработници	Буџети од проектите

9.Градење партнерство со родителите и локалната заедница за заемна поддршка	➢ Зголемување на вклученоста на родителите во активностите на училиштето; ➢ Зголемување на бројот на средби со ученици, родители и наставници. ➢ Зголемување на советодавни разговори со учениците и родителите ➢ Реализирање на програмата за советување на родители и ученици ➢ Работни состаноци со ученици, родители, ОР, УО, при донесување одлуки, предавања за родители, предавања од родителите за учениците ➢ Давање психосоцијална поддршка на наставниците, учениците и родителите ➢ Организирање на работилници, предавања, трибини со ученици, родители, наставници од страна на стручната служба за подобрување на успехот, за унапредување на грижата за физичкото, психичкото и емоционалното здравје на учениците ➢ Учества во настани и проекти организирани од локалната заедница	**Во текот на учебната година**	Директор, пом-директори, Раководители на паралелките Наставници, Педагошко-психолошка служба Совет и одбори на родители	Состаноци со класни раководители и наставници советодавни средби со ученици и родители	Извештаи за реализирани средби со родители од страна на класни раководители и предметни наставници Извештаи за реализирани средби од страна на ППС извештаи од реализирани заеднички активности	Подобрена соработка со родителите поголема вклученост на родителите во активностите на училиштето и донесувањето на одлуки, Активно учество на родителите за развој на училиштето	Директор, психолог, Педагог, паралелки Советна родители	

10. Подобрување на успехот и постигањата на учениците, зголемување на обемот на реализација на дополнителната и додатната настава, зголемување на редовноста на учениците, Поголема мотивираност на учениците за постигнување на успех и јакнење на натпреварувачки от дух	➢ Континуирано следење на постигањата на учениците ➢ Подобрување на успехот на учениците за 0.2% ➢ Подобрување на редовноста под 40 оправдани по ученик и под 5 неоправдани по ученик ➢ Мотивирање на учениците за поголеми постигања и поттикнување на натпреварувачкиот дух преку учества во натпревари на локално, регионално, државно и меѓународно ниво ➢ Зголемување на бројот на освоени награди и признанија и учества на натпревари ➢ Да се изгради систем на наградување на талентираните ученици ➢ Да се зголеми процентот на присутни ученици на дополнителна и додатна настава ➢ Зголемување на соработката со учениците, родителите, класните раководители и со наставниците; ➢ Примена на интерактивни методи, ИКТ во наставата, индивидуализиран пристап во наставата преку диференцирани методи ➢ Да се регулираат навремено изостаноците и навремено да се изрекуваат воспитно-педагошките мерки; ➢ Следење на отсуствата на учениците од настава; ➢ Анализа на причините за отсуствата од настава на учениците ➢ Зголемување на обемот на советувања на учениците и родителите ➢ Соработка со стручната служба за подобрување на успехот и редовноста на учениците ➢ Состаноци со класни раководители		Директор, Помошници – директори, психолог, педагог, совет на паралелки, раководители на паралелките, совет на родители и одбори на родители,	Организирање на советодавни средби со учениците и родителите, Реализирање на план за подобрување на редовноста Физички и човечки	Извештаи за успехот и поведението по тримесечја, Евиденција за советување на родители и ученици, Дневник за работана стручната служба, педагошка евиденција и документација Извештаи од освоени награди и признанија	Подобрување на успехот за 0.2%, Намалени отсуства, Зголемена редовност вонаставата зголемен бр. на освоени награди Зголемена мотивацијата за учење на учениците Зголемен процент на ученици кои посетуваат дополнителна и додатна настава, намален број на ученици кои ја повториле годината, Намален број на изречени педагошки мерки	Директор, Психолог Педагог, советна паралелки Советна родители	

11.Грижа и унапредување на менталното здравје на учениците, психосоцијална поддршка и едукација за унапредување на физичкото, психичкото и емоционалното здравје на учениците.	➢ Давање психосоцијална поддршка на учениците за унапредување на нивното ментално здравје ➢ Организирање на предавања, работилници од страна на Психолошко-педагошката служба на теми од областа на менталното здвраје кои ќе придонесат за подигнување на свесноста ➢ Учества во проекти во соработка со локалната заедница од областа на менталното здравје ➢ Вклучување во реализацијата на проекти за подобрување на менталното здравје во соработка со МОН, БРО, локалната заедница и Општина Битола		Директор, Педагошко-психолошка служба	Реализација на заеднички проекти, јавни настани, обуки, семинари, трибини, дебати	Извештаи за реализирани активности на стручната служба Педагошка евиденција и документација	Подобрено психолошко емоционално здравје на учениците	Педагошко-психолошка служба Проектен тим	

12. Интегрирање на инклузивно то образование, инклузивно училиште кое ќе промовира толеранција, прифаќање на различностите, **Инклузија и интеграција на сите ученици со посебни потреби, надарени и талентирани, ученици во социјален ризик, Припадници на ранливи категории и на различни етнички групи** **Кариерно советување на ученици со ПОП**	➢ Обезбедување на образовни асистенти за децата со ПОП преку Ресурсниот центар ➢ Набавка на асистивна технологија ➢ Обезбедување атмосфера за поддршка, која ги стимулира позитивните идеи за инклузивно образование, меѓуетничка интеграција во образованието во безбедна и хармонична средина ➢ Реализација на активности од проектот за инклузивно образование, за меѓуетничка интеграција во образованието и безбедни училишта, превенција од насилство и говор на омраза и формирање на училишни тимови ➢ Вклучување на родителите во реализација на активности за инклузија на учениците и во донесување на одлуки во училиштето ➢ Соработка со бизнис заедницата ➢ Соработка со Општина Битола и локалната заедница ➢ Градење на поволна училишна клима за поддршка на учениците ➢ Инклузија на сите ученици, согласно нивните индивидуални потреби. ➢ Давање психосоцијална поддршка наставниците, учениците и родителите во процесот на настава, поттикнување на мотивацијата за учење кај деца со ПОП ➢ Кариерно советување на ученици и обуки за градење на капацитети за кариерно советување на ученици со ПОП ➢ Вклучување на учениците со посебни потреби, на надарените и талентираните, ученици во социјален ризик во различни активности во училиштето и надвор од него ➢ Подготовка и оспособување на учениците со посебни потреби за вклучување на пазарот на трудот ➢ Подигнување на свесноста кај учениците за солидарност, толеранција, меѓусебно помагање и почитување		Директор Пом.-директори, Психолошко-педагошка служба, класни раководители Наставници Тим за инкузивно образование, МИО, тим за безбедни училишта. Тим за превенција од насилство, тим за спречување на говорот на омраза Проектни тимови	Реализација на активности за поголема интеграција и инклузија на учениците родителите, Спречување на насилството и разни форми на дискриминација и спречување на говорот на омраза Целосна интеграција на учениците	Анкетни прашалници Истражувања, Извештаи за реализирани активности	Подобра интеграција на сите ученици, со посебни потреби, ранливи категории ученици Надарени и талентирани Вклучување и интеграција на учениците на пазарот на трудот	Директор, Психолошко-педагошка служба, класни раководители наставници	

13.Мултиетничка интеграција во образованието	➢ Реализација на проекти кои промовираат мултиетничка интеграција и мултикултурализам ➢ Реализација на активности кои промовираат мултиетничка интеграција, толеранција, промовирање на различности, вклучување на ученици од различни етнички заедници во заеднички активности, ➢ Активности на Тимот за меѓуетничка интеграција		Директор Пом.-директори, Психолошко-педагошка служба, класни раководители Наставници МИО,	Реализација на активности за поголема интеграција на учениците, Целосна интеграција на учениците и мултикултурализам	Анкетни прашалници Истражувања, Извештаи за реализирани активности	Подобра интеграција на сите ученици, со различна етничка припадност,	Директор, Психолошко-педагошка служба, класни раководители Наставници Тим за МИО	

14.Еко-училиште	➢ Реализирање на еко активности на Еко одборот, Еко клубот и на Еколошката секција за подигнување на еколошката свест кај учениците, Волонтерскиот клуб, стручната служба ➢ Реализирање на активности во рамките на еколошки Еразмус проекти, мобилност на ученици и наставен кадар во државите партнери од Еразмус проекти, ➢ Интеграција на еколошко образование во рамките на редовната настава, организирање на предавања, дебати и презентации со еколошки содржини ➢ Замена на обични светилки со штедливи ➢ Рачна изработка на хартија и рециклирање на хартија и материјали на графичката и текстилната струка ➢ Уредување на училишната зграда со цвеќиња и корпи за селектирање на отпадот ➢ Реставрирање на книги од училишната библиотека на графичката струка ➢ Спроведување обука „Реставрирање на оштетени книги“ за ученици од основните училишта ➢ Замена на хартиените со електронски документи ➢ Уредување на училишниот двор–засадување на дрвја и цвеќиња, поставување на клупи, корпи за отпадоци ➢ Документирање и промовирање на активностите преку средствата за јавно информирање ➢ Учество во еколошки проекти во соработка со локалната заедница и Општина Битола, ➢ Спроведување на еколошки акции	**Во текот на целата учебна година**	Директор Наставници Класни раководители, стручна служба, Еко одбор на училиштето Еко- клуб и Еколошка секција, Волонтерски клуб, тим на Еразмус проекти наставници	Организирање на активности од еко-програма на еко одборот, еко-клубот и еколошката секција, волонтерски клуб проектен тим Еразмус проекти Физичкии човечки ресурси	Анкетни прашалници, Извештаи за реализирани активности	Почисто училиште, подобри услови за работа, Повисока еко-свест кај учениците и наставниците	Директор, класни раководители Наставници, Стручна служба, Еко одбор, Еко клуб, Тим за екологија, Тим за Еразмус проекти Волонтерски клуб	

15.Професионален развој на учениците преку спроведување на програмата за кариерно советување	➢ Кариерно советување на учениците во врска со нивниот натамошен кариерен и професионален развој ➢ Идентификување на потребите на учениците, нивните интереси и афинитети ➢ Тестирање на учениците од страна на стручната служба со тестови за интелигенција, мултипла интелигенција, тестови на професионални интереси и тестови на личност ➢ Советување на учениците за нивниот кариерен развој и поттикнување на мотивацијата за учење и напредок	**Во текот на целата учебна година**	Педагошко-психолошка служба, Кариерни советници Центар за кариерен развој Раководители на паралелките Наставници,	Состаноци со ученици, Тестирања, состаноци со родители, класни раководители и наставници советодавни средби со ученици и родители	Извештаи за реализирани тестирања и активности на стручната служба и кариерниот центар, средби со родители од страна на класни раководители и предметни наставници Извештаи за реализирани средби од страна на ППС	Подобрени компетенции на учениците за карирерн развој Успешно вклучување на пазарот на трудот	психолог, Педагог, кариерни советници	

16.Промовирање на волонтеризмот кај учениците и младинскиот активизам	➢ Организирање на волонтерски и хуманитарни акции ➢ Организирање на работилници,предавања, настани поврзани со волонтеризмот ➢ Учества во проекти во соработка со локалната заедница кои промовираат волонтеризам ➢ Активности на Ученичка заедница ➢ Формирање на Ученички парламент ➢ Учества во проекти во соработка со локалната заедница кои промовираат младинско учество и младински активизам ➢ Организирање дебати, предавања, трибини, работилници со учениците од страна на стручната служба и невладиниот сектор за младински активизам ➢ Вклученост во советодавните тела на локалната самоуправа во Локалниот совет за волотерство на Општина Битола	**Во текот на целата учебна година**	Педагошко-психолошка служба Волонтерски клуб Ученичка заедница	Реализација на заеднички проекти, јавни настани, обуки, семинари, трибини, дебати	Извештај за реализирани активности на стручната служба Извештај од работата на Волонтерскиот клуб Извештај од работата на Ученичката заедница	Поголема вклученост на учениците во волотенрски акции и активности и поголемо младинско учество Зголемено учество во проекти	Педагошко-психолошка служба Волотенрски клуб Ученичка заедница	
17.Развој на образовните можности за возрасните, развој на неформалното образование	➢ Специјалистичко образование (сообраќајна струка) со цел развој на способности, проширување и стекнување нови знаења и подобрување на стручните квалификации ➢ Обука за професионалнитакси возачи и издавање на лиценци ➢ Соработка со Центарот за образование на возрасни, Комора на занаетчии ➢ Организација на курсеви, предавања и проверка на знаењата испити ➢ Учество во заеднички проекти ➢ Консултативни средби и стручна помош	**Во текот на целата учебна година**	Директор, Помошници директори, наставници	Организирање на испити за специјалистичко образование Подготовка на документи за добивање лиценца за обука за такси-возачи, состаноци Физичкии човечки ресурси	Анкетни прашалници Извештаи за реализирани активности	Квалитетно неформално образование	Директор Пом.-директори наставници стручно образование	

18.Промоција и афирмација на училиштето во поширката заедница	➢ Учества на локални, регионални, државни и меѓународни натпревари, учества на конкурси, проекти ➢ Активности на Тимот за промоција на училиштето ➢ Организација на настани за промоција на училиштето ➢ Организација на Патрон празник на училиштето, Отворен ден на училиштето, ➢ Издавање на училишното списание “ГРСТ“ и стручниот билтен за наставниците “РАЗГЛЕДИ“ ➢ Активности за промоција на училиштето во локалните и националните медиуми, ➢ Активности на Новинарскиот клуб ТД (веб-страната, фејсбук страната, инстраграм, снимање поткасти, учество во подготовката на училишното списание) ➢ Промоција на училиштето на социјалните медиуми – веб-страната, фејсбук страната ➢ Учества на разни настани и проекти организирани во поширокатa локална заедница	**Во текот на целата учебна година**	Директор, Помошници директори, Тим за промоција на училиштето, Стручна служба наставници	Реализација на заеднички проекти, активности, Јавни настапи, Објавување на текстови во медиумите, на веб-страната, Училишно списание	Објавени медиумски прилози, Извештаи,	Препознатлив квалитет на училиштето во локалната заедница,	Директор, Помошници директори , Тим за промоција на училиштето, Стручна служба наставници	

7. **ПЛАН ЗА ЕВАЛУАЦИЈА НА АКЦИОНИОТ ПЛАН**

- Раководниот тим на Училиштето и Психолошко-педагошката служба ја следат и прават евалуација на реализацијата на Акциониот план

- Критериуми за успех (подобрени услови за учење и работа, современи услови за реализација на наставата, безбедна средина и грижа за здравјето, успешна реализација на наставниот процес, подобрена адаптација и прифатеност на учениците, адаптација на учениците со посебни образовни потреби, зголемена посета на дополнителната и додатната настава, повисок просек на постигнати резултати на ниво на училиште, намалување бројот на ученици кои го напуштаат училиштето и ја повторуваат годината)

- Инструменти (прашалници, интервјуа, тестови за знаење, следење на успехот по тромесечија, извештаи, анкети, анализи)

- Индикатор за успешност (безбедно одвивање на наставниот процес, осовременување на образовниот процес, инфраструктурно подобрување, зголемување на просек на успехот на учениците за 0,2, намалување на изостаноците под 40 оправдани по ученик и под 5 неоправдани по ученик, зголемена прифатеност на учениците со посебни образовни потреби, подобрена соработка со родителите, поддршка на наставниот кадар и учениците, подобрена соработка со локалната заедница, поголемо младинско учество, поголем број волонтери и волонтерски акции)

- Одговорен за следење (директор, стручна служба, Тим за инклузија, Тим за подобрување на успехот на учениците, Тим за превенција од насилство, Тим за стратешко планирање, Тим за професионален развој)

- Повратна информација (запознавање на родителите, советот на паралелката, Наставничкиот совет, Советот на родители, Училишниот одбор со постигнувањата на учениците и со процесот на одвивање на наставата и со постигнатите цели од Акциониот план)

8. КАЛЕНДАР ЗА РАБОТА ЗА УЧЕБНАТА 2025/2026 година

Со овој календар се утврдува организирањето на учебната година во средните јавни училишта согласно програмските целини во наставната година, полугодието и другите форми на воспитно-образовна дејност и ученичкиот одмор за учебната 2025/2026 година.

Учебната година започнува на 1 септември 2025 година, а завршува на 31 август 2026 година.

Наставната година започнува на 1 септември 2025 година, а завршува на 10 јуни 2026 година, освен од завршната година на средното образование за кои редовната настава завршува на 15 мај 2026 година.

Наставната година ја сочинуваат две полугодија: I и II полугодие.

Првото полугодие започнува на 1.09.2025, а завршува на 30.12.2025 година. Второто полугодие започнува на 20.01.2025, а завршува на 10.06.2026, додека за завршните паралелки на 15.05.2026 година.

Зимскиот одмор за учениците ќе се реализира според календарот доставен од Министерот за образование и наука, и почнува од 31.12.2025 до 19.01.2026, додека летниот одмор започнува на 11 јуни 2026 година и завршува на 31 август 2026 година.

Јавните средни училишта за учениците од завршните години на средното образование, во времето од 18 мај до 29 мај 2026 година организираат подготвителна настава, консултации и други форми на помош за учениците кои треба да полагаат поправни испити, испит на годината, дополнителни испити, испити за побрзо напредување, матурски и завршни испити.

За учениците од завршните години на средното образование кои полагаат државна матура, државна стручна матура, државна уметничка матура, училишна гимназиска матура, училишна стручна матура, училишна уметничка матура, завршен испит во вториот испитен рок во август, јавните средни училишта организираат подготвителна настава, консултации и други форми на помош за учениците кои треба да полагаат поправни испити, испит на годината, дополнителни испити и испитите за побрзо напредување во времето од 15 јуни до 23 јуни 2026 година.

Јавните средни училишта организираат подготвителна настава, консултации и други форми на помош за учениците кои треба да полагаат поправни испити, испит на годината, дополнителни испити и испити за побрзо напредување во времето од 12 јуни до 26 јуни 2026 година и од 11 август до 20 август 2026 година за учениците од прва, втора и трета година.

Полагање на државна, училишна матура и завршен испит ќе се организира во текот на јуни и август 2026 година според динамиката за полагање на матура предложена од МОН.

Интерните испити од изборниот дел на државната матура се спроведуваат во термини утврдени од Училишната матурска комисија на предлог на соодветните училишни предметни комисии.

Презентацијата и одбраната на проектната задача за учениците од гимназиското образование, средното стручно образование и уметничкото образование за јунски испитен рок се реализира во периодот од 1 април до 11 мај 2026 година и за августовски испитен рок од 17 август до 24 август 2026 година, согласно Календарот на министерот. Завршниот испит во тригодишното стручно образование се спроведува во три испитни рока и тоа: јуни, август и јануари (според календар на УМК).

Индивидуалната практична работа во тригодишното стручно образование се спроведува во термини утврдени од Училишната матурска комисија на предлог на соодветните училишни предметни комисии.

Работните денови кога се изведуваат ученичките екскурзии, Денот на еколошката акција на младите во Р.С.Македонија, Денот на училиштето и традиционалниот ден на просветата се наставни денови кога се изведуваат посебни програми.

За вонредните ученици во гимназиско и стручно образование ќе се организираат испитни сесии секој месец, освен во јануари и јули.

a. Еколошки календар

Одбележување на значајни датуми ќе се реализира преку акции во и надвор од училиштето, во соработка со локалната заедница и невладините организации.

5 март	Светски ден за заштеда на енергија
22 март	Светски ден за заштеда наводите
7 април	Светски ден на здравјето
22 април	Светски ден на планетата Земја
15 мај	Светски ден за заштита на климата
31 мај	Светски ден против пушењето
5 јуни	Светски ден за заштита на животната средина
16 септември	Светски ден за заштита на озонската обвивка
22 септември	Меѓународен ден без автомобили
08 октомври	Меѓународен ден за намалување на уништувањето на природата
15 октомври	Меѓународен ден на пешаците
16 октомври	Меѓународен ден на храната

Ден на дрвото–ден на еколошка акција на младите и граѓаните на Република Северна Македонија – ненаставен ден
Ден на акција на еко-училиштата - се реализира два пати во текот на една учебна година

9. НАСТАВА

9.1. Организација на наставата

Средното општинско училиште „Таки Даскало” – Битола е организирано како јавно средно училиште и претставува интегрален дел од системот за воспитание и образование во Република Северна Македонија.

9.2. Учебна година

Учебната 2025/2026 година ќе започне на **01.09.2025** година, а ќе заврши на **31.08.2026** година. Наставната година трае до **10.06.2026** година, односно до остварувањето на најмалку **180** наставни денови, а за учениците од завршните класови (трет и четврт степен) до **15.05.2025** година, односно до остварувањето на најмалку **164** наставни денови.

Организацијата на работата на Училиштето се определува со одредбите на Календарот за работа на средните училишта, донесен од Министерот за образование и наука.

<u>Прилог:</u>Календар за организација и работа на јавните средни училишта во учебната 2025/2026 година

9.3. Смени

Наставата се одвива во две смении тоа:

- претпладне од 7.15 часот до13.15 часот;
- попладне од13.30 часот до 19.30 часот.

Смена на смените се врши секој месец, гимназиско образование, сообраќајната и градежно-геодетската струка во една, а останатите струки во друга смена.

Задолжителен странски јазик е англиски, а училиштето како втор странски јазик предлага германски и француски јазик.

Училиштето организира дополнителна, додатна и консултативна настава. За дополнителната и додатнатата настава се изработува распоред на часови.

9.4. Видови настава

Врз основа на програмските содржини за видовите и степени на образование застапени во Училиштето се остваруваат следните видови настава:

Видови образование	Видови настава	Забелешка
Гимназиско и стручно образование	Редовна теоретска настава Практична настава	До 01.09. 2025 предадени годишни и тематски планирања со 30% интегрирана ИКТ, интеграција на МИО и ЕКО проект, безбедни училишта
Стручно образование	Практична настава	Реформирани наставни планови и програми
Стручно образование	Феријална пракса	Соработка со Занаетчиска комора
Стручно образование	професионална пракса	Зголеменост на обемот на професионална пракса во тригодишното образование
Гимназиско и стручно образование	Менторска работа со ученици	Учество на натпревари
Гимназиско образование	Проектни активности	Консултативни средби
Гимназиско и стручно образование	Консултативна настава	Консултативни средби
Гимназиско и стручно образование	Дополнителна настава	Распоред за реализација на дополнителна настава по сите наставни предмети
Гимназиско и стручно образование	Додатна настава	Распоред за реализација на додатна настава по сите наставни предмети
Гимназиско и стручно образование	Изборна настава	Распоред за реализација

Кај гимназиското образование наставниот план предвидува реализација на содржини и активности преку:

- задолжителни предмети;
- часови за изборни предмети;
- задолжителни изборни програми, содржини и активности;
- проектни активности
- додатна и дополнителна настава.

Изучувањето на задолжителните предмети го обезбедува општообразовниот карактер на гимназиското образование и проодност на сите факултети, а изучувањето на изборните предмети се очекува да овозможи по продлабочено да се навлезе во содржината на избраните предмети, подготвување за матура и остварување на правото за студии на соодветни насоки на факултет.

Во стручното образование (четиригодишно и тригодишно, а особено во новите реформирани наставни планови и програми во четиригодишното и тригодишното стручно образование) Наставниот план предвидува:

- заеднички предмети
- заеднички предмети за струката;
- предмети карактеристични за образовниот профил;
- практична настава
- изборна настава
- задолжителни активности
- слободни ученички активности
- додатна и дополнителна настава.

Според наставните планови, проектните активности се организираат за учениците од гимназиското образование, а слободните активности во четиригодишното стручно образование имаат задолжителен карактер, со крајна цел да се поттикне научно-истражувачката работа и изработката на проекти (во функција на проектната задача во матурскиот или завршниот испит) и да се овозможи дополнително стекнување знаења, умеења и пошироки погледи со крајна цел развој на комплетна личност.

Наставата во Училиштето се организира според наставни планови и програми за видови степени на образование застапени во Училиштето.

<u>Прилог:</u>Ангажираност на наставници за реализација на наставата и ангажираност за реализација на проектни активности и содржини програмирани од училиштето

Прилог кон Годишната програма :

- Распоред за реализација на наставата
- Распоред за реализација на дополнителна настава
- Распоред за реализација на додатна настава
- Распоред за примена на ИКТ во наставата
- Програма за работа со надарени и талентирани ученици
  Одговорен наставник: **Марија Младеновска – Димитровска.**
- Програма за работа на Училишниот инклузивен тим и програма за работа деца со посебни потреби
  Одговорен наставник: **Марија Младеновска-Димитровска, координатор на УИТ**
- Програма за самозаштита
  Одговорен наставник: **Марија Младеновска-Димитровска**
- Програма за реализација на еко-активности со редовната настава
  Одговорен наставник: **Весна Христовска**
- Програма за грижа и унапредување на здравјето на учениците
  Одговорни наставници: **Психолошко-педагошка служба**
- Програма за подобрување на успехот на учениците
  Одговорни наставници: **Тим за подобрување на успехот – стручни соработници.**

9.5.Употреба на ИКТ во наставата

Во годишните и тематските планирања на наставниците планирана е примена на ИКТ технологија со најмалку 30% од вкупниот број на часови, по сите наставни предмети, освен по спорт и спортски активности.

9.6. ОЦЕНУВАЊЕ

Видови оценување и календар на оценување

Предмет на следење, проверување и оценување на воспитно-образовната дејност ќе бидат постигнатите резултати во совладувањето на воспитно-образовните содржини, работните навики, редовноста, степен на заинтересираност, активности ангажираност во учењето и практична оспособеност за примена на знаењата.

Постигнувањата на учениците ќе се вреднуваат со примена на р азлични стратегии на оценување.

Оценката треба да биде одраз на залагањето на ученикот за време на часот, како и надвор од часот. За таа цел начините со кои ќе ги оцениме треба да бидат разновидни и тоа:

- Усмено оценување (базирано на стандардите за оценување и Блумовата таксономија)
- Писмено оценување (преку објективни тестови)
- Формативно оценување (за време на самите часови)
- Сумативно оценување (на полугодие и на крајот на годината)
- Државна матура (гимназиско образование и четиригодишно средно стручно образование), Училишна матура (гимназиско образование) и Завршен испит (тригодишно и четиригодишно средно стручно образование)

УСМЕНО ОЦЕНУВАЊЕ: Определувањето на бројчаната оценка треба да ги има предвид постигнувањата на ученикот во однос на запомнување и репродуцирање на наставните содржини, разбирање и сфаќање на обработените содржини, односно способност на ученикот нив да ги интерпретира со свои зборови, примена на научените содржини во конкретни задачи со познати и нови елементи, како и повисоките интелектуални способности на анализа, синтеза и вреднување, што подразбираат способност на ученикот за средување, комбинирање елементи во нови целини и способност за вреднување на оправданоста или наученоста на некое тврдење или дело.

Бројчаната оценка се утврдува на следниот начин:

- **Оценка *Доволен два (2)*** -знаењата на ученикот се однесуваат на запомнување и репродуцирање, ученикот треба да препознава од понуденото, да дефинира, да репродуцира факти, да набројува, да именува одредени поими и да го применува знаењето во наједноставни задачи.

- **Оценка *Добар три (3)* –**знаењата на ученикот се однесуваат на разбирање и сфаќање, ученикот е исполнителен во извршување на активностите за време на часовите, способен е да интерпретира факти, да споредува и набројува, да препознава поими и факти и да го применува знаењето во едноставни задачи.

- **Оценка *Многу добар четири (4)*** – знаењата на ученикот се однесуваат на примена на задачи од познати и нови елементи, ученикот може да анализира факти и практично да ги применува знаењата, логички да размислува и да има свое мислење, да е постојано активен, исполнителен, редовен во учењето и обврските, да толкува, споредува, да ги разложува и илустрира со конкретни примери стекнатите знаења.

- **Оценка *Одличен пет (5)*** – знаењата на ученикот се однесуваат на анализа, синтеза и вреднување, ученикот може да ги применува знаењата за решавање на знаења со познати и нови елементи, да е способен за логично размислување и практично применување на факти, да има изградено сопствени ставови, да е способен да систематизира и генерализира, да истражува и да ги применува знаењата, да е способен да ја поврзува теоријата со практиката, да користи дополнителни извори, да поставува и одговара на прашања на разни теми.

ПИСМЕНО ОЦЕНУВАЊЕ: По секоја тематска целина се проверува степенот на стекнати знаења преку објективни тестови (прашања од сите 4 скалила според Блумовата таксономија, прашања со заокружување, со дополнување, со поврзување, со објаснување, со решавање и др.). За таа цел бодирањето е на следниот начин: од 30% до 50% успешност на реализираност на тестот следи оцена два(2), од 50% до 70% следи оцена три (3), од 70% до 85% оцена четири (4) и од 85% до100% оцена пет (5)**.**

ФОРМАТИВНО ОЦЕНУВАЊЕ: е процес кој се реализира на самите часови преку кој учениците и наставниците го согледуваат степенот на совладување на материјата, проблемите со кои се соочуваат, што треба да изменат и каде треба да се концентрираат повеќе за што поуспешно совладување на споменатото градиво.

СУМАТИВНО ОЦЕНУВАЊЕ: Следи како резултат на сите гореспоменати форми на оценување и се врши на крајот на првото полугодие и на крајот на учебната година.

ЗАВРШНО ОЦЕНУВАЊЕ НА ЗНАЕЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ:

Државната матура е наменета за учениците од гимназиско образование и четиригодишно средно стручно образование и претставува завршен дел на средното образование и има за цел да послужи за селекција на кандидатите за запишување на високото образование. Државната матура се полага според посебни испитни програми кои се темелат на целите на настваните програми за соодветните наставни предмети кои се вклучени во листата за Државна матура. Државната матура опфаќа : задолжителен дел, изборен дел и проектна задача. Полагањето се врши според распоред од Државниот испитен центар за екстерниот дел на испитите и од Училишната матурска комисија за интерните испити и проектната задача. Оценувањето за екстерните испити се врши екстерно и го спроведува комисија формирана од Државниот испитен центар, а за интерните испити оценувањето се врши интерно и го спроведува предметна комисија формирана од Училишната матурска комисија и исто така оценките се движат на скалило од 1 до 5 и оценките се запишуваат во дипломи за Државна матура.

Училишна матура: Училишната матура е наменета за учениците од гимназиското образование кои не се определиле за полагање на Државна матура. Целта на овој испит е добивање на сертификат за завршено гимназиско образование. Училишната матура се полага според посебни испитни програми кои се темелат на целите на наставните програми за соодветните наставни предмети кои се вклучени во листата на Училишна матура.Училишната матура опфаќа: задолжителен дел, изборен дел и проектна задача. Полагањето се врши според распоред од Училишната матурска комисија за интерните испити и проектната задача. Оценувањето за интерните испити се врши интерно и го спроведува предметна комисија формирана од Училишната матурска комисија, а оценките се движат на скалило од 1 до 5 и оценките се запишуваат во дипломи за училишна матура.

Завршен испит: Завршниот испит е наменета за учениците од средното стручно образование кои нема да полагаат Државна матура. Целта на овој испит е добивање на сертификат за завршено четиригодишно средно стручно

образование. Завршниот испит се полага според посебни испитни програми кои се темелат на целите на наставните програми за соодветните наставни предмети.Завршниот испит опфаќа: задолжителен дел, изборен дел и проектна задача. Полагањето се врши според распоред од Училишната матурска комисија за интерните испити и проектната задача.Оценувањето за интерните испити го спроведува предметна комисија формирана од Училишната матурска комисија, а оценките се движат на скалило од 1 до 5 и оценките се запишуваат во дипломи за завршен испит.

Завршниот испит од тригодишно стручно образование:е наменета за учениците од средното стручно образование кои завршиле III степен на образование. Целта на овој испит е добивање на сертификат за завршено тригодишно средно стручно образование. Завршниот испит се полага според посебни испитни програми кои се темелат на целите на наставните програми за соодветните наставни предмети.Завршниот испит опфаќа: писмена работа по македонски јазик и литература и изработка на практична работа со одбрана. Полагањето се врши според распоред од Училишната матурска комисија.

Оценувањето за интерните испити се врши интерно и го спроведува предметна комисија формирана од Училишната матурска комисија, а оценките се движат на скалило од 1 до 5 и оценките се запишуваат во дипломи за завршен испит.

9.7. Тим за следење, анализа и поддршка

Во училиштето е формиран тим за следење и проверка на усогласеноста на оценувањето со предвидените стандарди. Тимот ќе ја утврди процедурата за поплаки и жалби согласно Правилникот за оценување и унапредување на учениците, ќе прави анализи на состојбата на постигнатите резултати и ќе дава поддршка на наставниците кои покажуваат слаби резултати од работењето. Тимот е во состав директор, педагог и психолог.

9.8. Самоевалуација на училиштето

На секои две години ќе се реализира самоевалуација, за таа цел се формираат тимови кои со соодветни методи и инструменти собираат и обработуваат податоци со цел да направат анализа во седумте подрачја.

10.Проекти кои се реализираат во училиштето:

Наслов на проектот	Учесници	Цели	Време на реализација
Проект “Квалитетно образование за сите“	МОН, Совет на Европа, проектни тимови на СОУ “Таки Даскало“ Битола Ристо Грујовски, Марија Младеновска-Димитровска, координатор Жанета Сиваков Милица Димитријовска-Радевска Валентина Богојовска Мирјана Гичевска Родители и ученици	Промовирање на демократијата и човековите права во образованието како и подготовка на младите луѓе со потребните вештини и алатки за да живеат во мултикултурно општество	Декември 2022-до ноември 2025 Проектот продолжува и во наредниот период
Проект “Подобрување на квалитетот на образованието“	Министерство за образование и наука, Марија Младеновска-Димитровска, координатор	Организирање на обуки за директор, стручни соработници, наставници на следните теми: -вештини за дигитална писменост како клучни компетенции на наставниците согласно најдобрите ЕУ практики -обука за обучувачи за креирање на дигитални материјали за учење -инклузивна педагогија -обука на обучувачи за методи на поучување за активирање на учениците, формативно оценување, поддржувачк и инклузивна средина за учење и самоценување и	Јули 2024 – август 2025

		меѓусебно оценување на наставниците -обука за дигитална технологија со фокус на ученици од маргинализирани групи	
Еразмус + проект КА 220 SCH “Единство во движење“	Национална агенција за европски образовни Гордана Јордева Партнери Македонија, Норвешка, Хрватска, Бугарија,Италија Португалија	Учење во движење, учење надвор од училипница,	1 септември 2024 до 31 август 2026
Проект “Врсничка школа против врсничко насилство“	Општина Битола, Младинската асоцијација ИМКА Битола Марија Младеновска-Димитровска, координатор	Промовирање на врсничката едукација, превенција на врсничкото насилство, справување со врсничкото насилство	Во текот на учебната 2025/26
„Учење преку работа“ **„Подготовка за вработување“**	УСАИД, ЦССО- Р. Македонија, Наставници Кариерен центар СОУ „Таки Даскало“ - Битола, ученици	Стекнување вештини за активно барање на работа кај учениците, обучување наставници за дисиминација на стекнатото искуство	септември 2025– јуни 2026
Младинска мрежа за стекнување вештини за вработување (YES)	(Education Development Center(EDC)), УСАИД Наставници- Кариерен центар СОУ „ Таки Даскало“ Битола, ученици	Подобрување на „понудата“ на идните работници, преку креирање на Мрежи за услуги за кариера	2024 –2025
Еко-проект “Интегрирано еколошко образование во македонскиот образовен систем“	МОН, Општина Битола, Наставници- ученици СОУ „Таки Даскало“ Битола, ученици	Реализација на еколошки акции Интегрирање на еко-содржини во наставата, Учество нанатпревари	Септември 2025- јуни 2026
„Безбедни училишта“	Општина Битола, МВР-Битола, тим за безбедност, ученици, родители, наставници	Организирање на јавни манифестации, спортски натпревари, работилници за безбедни училишта,	Септември 2025- јуни 2026

		зголемуавње на свеста за безбедноста кај учениците, вработените и родителите	
„Меѓуетничка интеграција во образование“	Тим за меѓуетничка интеграција, ученици, родители, наставници	работилници за МИО, интеграција на наставни содржини од МИО, организирање на јавни настани, воспоставување партнерство со училиште од етнички мешан состав.	Септември 2025-јуни 2026
Регионална поддршка за инклузивно образование	Европска комисија за инклузивно образование, училишен тим за инклузивно образование, родители	Поддршка на учениците со посебни потреби, спроведување на истражување, учества на меѓународни конференции, организирање работилници,	Септември 2025- јуни 2026
Училишни проекти	Ученици и одговорни наставници од слободни ученички активности-стручни соработници	Презентација на постигнати резултати на учениците и афирмација пред наставници, родители претставници од локална самоуправа, одбележување на Патронен празник, организација на Отворен ден на училиштето, промоција на училиштето во поширокаата локална заедница	Септември 2025- јуни 2026

11. ВОННАСТАВНИ АКТИВНОСТИ

11.1. Работа со надарени и талентирани ученици

Факт е дека знаењата и вештините можат да се научат и совладаат, но талентот ученикот го носи во себе, а наставникот треба да го препознае, поттикне и развива. Наставникот во својата работа мора да тргне од ученикот кој го има пред себе, а не од ученикот воопшто. Само така може да успее да го препознае и да го поддржи развојот на талентираниот ученик. Така, успехот би бил двоен: како учител и поттикнувач на индивидуалниот развој на ученикот.

Работата во Училиштето во учебната 2025/26 год. ја насочуваме кон развивање на дух на кооперација и екипирање на надарените и талентирани ученици и тоа преку:

- Индивидуализација во наставата со учениците со особени способности;
- Групна настава за ученици со приближно исти способности;
- Консултативна настава за надарените ученици;
- Проектни активности;
- Слободни ученички активности;
- Организирање летни и зимски школи, натпревари,трибини, конкурси и истражувачки активности;
- Организирање креативни работилници.

11.2.Слободни ученички активности

Слободните ученички активности ќе се реализираат паралелно со реализацијата на задолжителните содржини и активности вградени во наставните планови и програми за гимназиско и стручно образование и како:

- научно-истражувачки активности;
- културно-уметнички активности;
- слободни производно-технички активности;
- слободни спортски активности.

а) Слободни ученички активности со научно-истражувачки карактер

Вистински предизвик за учениците и наставниците претставува откривањето на тајните на природата и новите законитости, па затоа во Училиштето се организираат слободни ученички активности со научно-истражувачки карактер:

- *Секција „Млади физичари”* - одговорен наставник: СлавицаТрајковска, Прилог:Програма

- *Информатичка секција*– одговорен наставник: Гордана Јордева Прилог:Програма

- *Еколошка секција* – одговорни наставници –Весна Христовска, Флорида Кулевска
  Прилог:Програма

- *Еко – клуб* – одговорен наставник – Драгица Здравковска
  Прилог: Програма

б) Културно-уметнички слободни активности

Промоција на личните капацитети на учениците, негување на културното и националното богатство и продлабочувања на знаењата и слободно изразување на креативниот дух ќе имаат можности за реализација на:

- ***Слободни ученички активности од јазично-уметничко подрачје***

Литературна секција-одговорен наставник: Милица Радевска-Димитријовска
Прилог:Програма

Драмска секција– одговорен наставник: Весна Јовановска
Прилог:Програма

Рецитаторска секција – одговорен наставник: Николина Поповска
Прилог:Програма

Новинарска секција “Медиумски клуб Таки Даскало“– одговорен наставник: Марија Младеновска - Димитровска
Прилог:Програма

Библиотекарска секција– одговорен наставник: Јулијана Јосифовска
Прилог:Програма

Секција за странски јазици - одговорни наставници: Кики Младенова, Сузана Петковска, МакедонкаА танасоска
Прилог:Програма

- ***Слободни музички активности***

Хор и пејачка група – одговорни наставници: Христиан Петковиќ и Владко Симоновски
Прилог:Програма

- ***Слободни ликовни активности***

Ликовна секција – одговорен наставник: Љубица Мешкова – Солак
Прилог:Програма

в) Слободни производно-технички активности

- *Секција за графички дизајн*– одговорен наставник: Миле Атанасоски
  Прилог:Програма
- *Сообраќајна секција* ***(Училишна сообраќајна единица)*** - одговорен наставник: Гордана Кожуваровска
  Прилог:Програма

г) Слободни спортски активности

- *Ракометна секција*-одговорен наставник: Благој Митревски
  Прилог:Програма

- *Атлетска секција*– одговорен наставник: Весна Велјановска
  Прилог:Програма

- *Секција за мал фудбал и фудбал*– одговорни наставници: Весна Велјановска, Сашо Илиевски
  Прилог:Програма

- *Кошаркарска секција* – одговорен наставник: Кире Јагоридовски
  Прилог:Програма

- *Секцијаза одбојка*-одговорен наставник: Владимир Трифуновски
  Прилог:Програма

Слободни ученички активности од областа на грижа за менталното здравје на учениците

- *Психолошка секција* – одговорен наставник – психолошко-педагошка служба
  Прилог: Програма

Комисија за следење и анализа на работата на слободните ученички активности: помошник директор и стручна служба.

11.3.Екскурзии

Ученичките екскурзии и нивната педагошка функција се незаменливи во остварувањето на одделни цели и задачи на Училиштето.

За програмирање, организација и реализација на екскурзиите со учениците од средното образование, а во тие рамки и во СОУ„Таки Даскало” од страна на МОН и БРО на Република Македонија е изготвено Упатство и Правилник кои во целост ќе се применуват во текот на 2025/26 година.

Ученичките екскурзии можат да бидат:

- ексурзии поврзани со теми и содржини од наставните програми:
- завршни екскурзии
- стручно-истражувачки екскурзии
- спортско-рекреативни екскурзии

Со екскурзиите ќе раководи стручен тим кој изработува програма за училишните екскурзии за тековната учебна година, а него го сочинуваат директорот на училиштето, помошник-директорот, раководителот на екскурзијата, класни раководители, стручни соработници и дел од наставниците кои реализираат настава во траење најмалку 1 година во паралелките кои одат на екскурзија.

Прилог: Програма за екскурзии,

Одговорен наставник: **Марија Младеновска-Димитровска**

- ## Гимназиско образование

- Актив по македонски јазик и литература:

-Наставно-научна екскурзија – посета на Саем на книгата во Скопје и Институт за македонски јазик Скопје – еднодневна екскурзија, март-април 2026, професори по македонски јазик и ученици и стручни соработници-библиотекари;

Активности по повод Месецот на книгата, Денот на мајчиниот јазик, соработка со Библиотеката, промоција на реномирани македонски писатели, професори по македонски јазик, 2025/26 година.

- Актив по странски јазици:

Англиски јазик: Наставно-научна екскурзија – Разгледување на локалитетот “Стоби“, разгледување на музејот Стоби, виртуелна тура “Гладијаторите се враќаат во Стоби“, посета на суврнирницата на локалитетот, запознавање со римската култура, уметност и влијанието врз овие простори, разгледување на Археолошкиот музеј во Скопје со водич на англиски јазик; Презентација на знаменитостите и периодите од историјата на Македонија; Развивање на позитивен однос кон културно-историските вредности;Социјализација, колективна заштита и стекнување на искуство за осамостојување и грижа за себе, Развивање на другарство и комуникација, Подигнување на нивото на јазични компетенции (англиски јазик).

Одговорни наставници Валентина Богојовска, Наташа Котевска и Гордана Јордева, во прво и второ полугодие.

Германски јазик: Наставно-научна екскурзија – Посета на Гете Институт Скопје, Набљудување на секојдневните активности и организација на часовит, Запознавање со начинот на функционирање на Гете Институтот; средба и разговор со еден германски професор; Развивање на позитивен однос кон германските културните вредности; Социјализација, колективна заштита и стекнување на искуство за осамостојување и грижа за себе; Развивање на другарство и комуникација; Подигнување на нивото на јазични компетенции (германски јазик).

Одговорни наставници: Македонка Атанасоска и Елена Сотиров, ученици од билингвалната гимназиска паралелка и од угостителско туристичката струка, прво и второ полугодие 2026 год.

Француски јазик: Наставно-научна екскурзија посета на Француски институт во Скопје. Запознавање со начинот на функционирање на Фрнцускиот институт, подигање на нивото на јазични компетенции, развивање на позитивен однос кон француските културни вредности.
Одговорен наставник: Сузана Петкоска, ученици од гимназија

- Актив по природни науки (математика, хемија, биологија, географија

- Наставно-научна екскурзија – Посета на Природно-математичкиот музеј, Саем на книга и Планетариум во Скопје, мај 2026, ученици од I и II година

-Актив по физика, информатика, електротехника и електроника, сметачи и програмирање

- Научни екскурзии – посета на музејот на Никола Тесла во Белград, октомври-ноември 2025

- Наставно-научна екскурзија – еднодневна посета на фотоволтаична централа во Гермијан, второ полугодие 2026

-Наставно-научна екскурзија – еднодневна посета на ветерници во Богданци, второ полугодие, 2026

Наставно-научна екскурзија – еднодневна посета на Метеоролошка станица во Битола октомври 2025, наставник по географија и ученици

- Екскурзија во Прилеп, посета на Тутунски комбинат – наставник по хемија и ученици, ноември 2025

-Посета на Природно-научниот музеј во Скопје – наставници по географија и биологија и ученици, ноември 2025

- Посета на рибникот Бабино, наставник по биологија и ученици, април 2026

- Посета на музејот на холокаустот Скопје, професор по географија и ученици, мај 2026

За *гимназиски паралелки*: одговорен наставник: Валентина Ацевска

Прилог:Програма

-Општообразовен актив:

Психологија: Реализација на наставно-научна екскурзија во соработка со уметничкиот актив - Посета на куќата на Сигмунд Фројд и музејските поставки на Клинт, куќата на Вагнер, паркот Пратер, Штадпарк паркот, Конзерваториумот во Виена и Операта.

Историја: Наставно-научна екскурзија – Посета на локалитетот Стоби и античка винарија, април 2026, одговорен наставник Трајче Катароски

Историја: Наставно-научна екскурзија – Посета на Смилево, Музејот на Смилевскиот конгрес,мај 2026, (одговорни наставници – Трајче Катароски, Роберт Трајковски)

Историја: Наставно-научна екскурзија – Посета на Маркови кули и участакот во

Прилеп, октомври 2025, (одговорни наставници – Кире Ивановска, Трајче Катароски, Роберт Трајковски)

Бизнис и претприемништво:

-посета на Македонска берза АД Скопје, ноември 2025, одговорен наставник Игор Дранговски

-посета на Народна банка, март 2025, одговорен наставник Игор Дранговски

-посета на Економскиот факултет во Прилеп, април 2026 (одговорен наставник Игор Дранговски)

-Наставно-научна екскурзија во соработка на општествено-хуманистичкиот актив и активот по македонски јазик – посета на спомениkот на Св. Кирил и Методиј во Охрид, по повод 24 мај Денот на словенските просветители, 24 мај 2026 година.

Одговорни наставници: Трајче Катароски и Јулијана Јосифовска .

Уметнички актив:

Посета на Опера и балет Скопје, во текот на 2025-26 година.

Одговорен наставник: Христиан Петковиќ и ученици од гимназија и стручно

▪ Стручно образование

▪ Угостителско-туристичка струка

-Наставно-научна и рекреативна екскурзија – еднодневна посета на винарија “Попова кула“, Неготино, запознавање со вински туризам, вклучени ученици од угостителско-туристичка струка, март-април 2026;

- Наставно-научна и рекреативна екскурзија – еднодневна посета на вила “Дихово“, запознавање со рурален туризам, вклучени ученици од угостителско-туристичка струка,септември-декември 2025;

-Наставно-научна екскурзија – еднодневна посета на Охрид, или Хотел “Молика“, вклучени ученици од угостителско-туристичка струка, септември-јуни 2026;

- Наставно-научна екскурзија – еднодневна посета на Ски центарот “Ниже Поле“, запознавање со планински туризам, септември-ноември 2025

- Наставно-научна и рекреативна екскурзија во хотел “Молика“ на Пелистер, вклучени ученици од угостителско-туристичка струка,септември-јуни 2026;

-Посета на саемски манифестации поврзани со струката организирани од Општина Битола;

За *угостителско-туристичка струка*: одговорен наставник: Никола Ѓелевски

Прилог:Програма

- **Графичка струка**

-Наставно-научна екскурзија – посета на Печатницата “Европа 92“, Кочани, фабрика за производство на хартија - мај, 2026;

-Наставно-научна екскурзија – посета на Саемот на книгата во Скопје–април 2026;

-Наставно-научна екскурзија – посета на печатници и работилница за рачна изработка на хартија во Охрид, второ полугодие 2026;

За *графичка струка*: одговорен наставник: Миле Атанасоски

Прилог:Програма

- **Сообраќајна струка**

-Наставно-научна екскурзија – еднодневна посета на Саем технома Скопје, во текот на 2025/26;

-Наставно-научна екскурзија – еднодневна посета на Меѓународен аеродром Скопје, во текот на 2025/26;

-Наставно-научна екскурзија – еднодневна посета железничка станица во Скопје, во текот на 2025/26

-Наставно-научна екскурзија – еднодневна посета на Капетанија во Охрид, мај 2025

- Наставно-научна екскурзија – еднодневна посета на Саем на книгата, март-април 2026

За *сообраќајна струка*: Одговорен наставник: Драганчо Маркоски

Прилог:Програма

- **Текстилна струка**

- Наставно-научна екскурзија – еднодневна посета на конфекциска фабрика во “Блек бело“, Виница, во текот на 2025/26;

- Наставно-научна екскурзија – еднодневна посета на фабрика Албатрос во Штип, на културно – историските знаменитости, вклучени ученици од I до IV година во текот на 2025/26

Одговорни наставници: Анита Стефановска, Живка Ицаноска, Ема Ќука, Горан Ангелов;

За *текстилна струка*: одговорен наставник: Ема Ќука

Прилог:Програма

- **Рударска струка**

-Наставно-научна екскурзија – Посета на Природно-научниот музеј, Скопје, вклучени ученици од I година, ноември 2025;

-Наставно-научна екскурзија – Посета на Рудници Злетово, Пробиштип, вклучени ученици од III и IV година,ноември 2025;

-Наставно-научна екскурзија – Посета на Рудник “Саса“, Македонска Каменица, вклучени ученици од III и IV година,март 2026;

-Наставно-научна екскурзија – Посета на Рудник “Сивец“, Прилеп, вклучени

ученици од I до IV година, април 2026

-Наставно-научна екскурзија – Посета на рудник Кнауф Дебар, ученици од III година, април 2026;

-Наставно-научна екскурзија – еднодневна посета на рудник “Бучим“ Радовиш, април 2026

-Наставно-научна екскурзија – еднодневна посета на Пелистер, мај 2026

За *рударска струка*: одговорен наставник: Елизабета Ристевска

Прилог:Програма

- **Градежно-геодетска струка**

- Наставно-научна екскурзија - посета на Саемот за градежништво во Скопје, октомври 2025;

- Наставно-научна екскурзија – посета на саемот за мебел во Скопје, април/мај 2026;

- Наставно-научна екскурзија - Посета на рудникот за гипс “Кнауф” –Дебар, март/април/мај 2026;

- Наставно-научна екскурзија - Посета на Охрид(старо градско јадро) Станбена и верска архитектура, април/мај/јуни 2026

- Наставно-научна екскурзија – посета на Институтот за земјотресно инженерство во Скопје, збогатување на техничката култура на учениците, како и развивање на меѓусебната соработка, ученици од градежно-геодетската струка, април-мај-јуни 2026.

За *градежно – геодетска струка*: одговорен наставник: Михаил Наумовски

Прилог:Програма

- **Спорт и спортски активности**

-Спортско-рекреативна-екскурзија, посета на Олимпискиот базен во Скопје, во учебната 2025/26;

-Спортско-рекреативна-екскурзија, планинарење, посета на Смолево, ноември 2025;

-Спортско-рекреативна-екскурзија, екскурзија од областа на екологијата, март 2026;

-Спортско-рекреативна-екскурзија, велосипедизам, април 2026;

-Спортско-рекреативна-екскурзија, планинарење, посета на Копанки, мај 2026;

За *спорт и спортски активности*: одговорен наставник: Кире Ноневиќ

Прилог:Програма

- **Лични услуги**

-Еднодневна екскурзија – посета на Саем за козметика во Скопје, време на реализација март 2026,

Посета на козметички салони. Целта на екскурзијата е совладување, проширување на знаењата, примена на вештини и ставови преку непосредно запознавање на целокупната работа на козметички салон. Екскурзијата ќе се реализира во второ полугодие.

Одговорни наставници Славица Јовеска, Марија Китановска, Филип Џоковски.

Во текот на месеците април-мај 2026 година ќе се реализира завршна екскурзија за учениците од трета година во странска држава, согласно Правилникот за начинот на реализирање на училишни екскурзии.

Прилог: Програма за реализација на завршна екскурзија.

Координатор за реализација на активностите поврзани со екскурзиите: Марија Младеновска-Димитровска.

12. ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ

Низ практиката, секојдневно учениците ги реализираат своите физички, психички и социјални потенцијали, така што учениците во наставата не стекнуваат само знаење, туку и се изградуваат како личности, а патот дотаму води преку применливоста на знаењето во практиката. Можноста за општествено-корисна работа во Училиштето придонесува за целокупниот развој на личноста на ученикот преку следните подрачјана дејствување:

12.1.Постигнувањата на учениците

Во текот на учебната 2025/26 година континуирано ќе се следи успехот на учениците по сите наставни предмети, по класификациони периоди. Наставниците преку презентација на извештаите за постигањата на учениците ќе бидат запознати на Наставнички совет, а родителите на родителски средби и преку индивидуални средби, состаноците на одборите и советот на родителите.

Предлозите за подобрување на постигањата на ученицитеќе бидат дадени од стручните активи и стручната служба. Одговорни за следење на постигањата на учениците е тимот на стручни соработници.

12.2.Превентивни програми

- Програма за превенција од насилство

Одговорни наставници: **Марија Младеновска-Димитровска и Наташа Ралевска-Вучкова.**

- Програма за безбедни училишта

Одговорни наставници: **Ангела Николовска**

- Програма за мултикултурна соработка

Одговорен наставник: **Анита Мицевска**

- Програма за грижа и унапредување на здравјето на учениците.

Одговорен наставник: **Педагошко-психолошка служба**

- Програма за почитување на правата на децата

Одговорен наставник: **Марија Младеновска-Димитровска**

- Програма за работа со деца со посебни потреби

Одговорни наставници: **Марија Младеновска-Димитровска**

- Програма за работа на Училишниот инклузивен тим

Одговорен наставник и координатор на УИТ: **Марија Младеновска-Димитровска**

- Програма за препознавање и спречување на говорот на омраза

Одговорни наставници: **Марија Младеновска-Димитровска**

- Програма за спречување на врсничко насилство, булинг и сајбер булинг

Одговорни наставници: **Марија Младеновска-Димитровска и Наташа Ралевска-Вучкова**

- Програма за грижа за учениците со телесни пречки

Одговорен наставник: **Марија Младеновска-Димитровска**

- Програма за самозаштита

Одговорен наставник: **Марија Младеновска-Димитровска**

12.3.Заштита и унапредување на човековата животна средина

Заштитата и унапредувањето на човековата животна средина ќе се реализира преку:

- Уредување и одржување на училишните објекти и училишниот двор;
- заеднички акции со институции, НВО и други субјекти со кои соработуваУчилиштето;
- заеднички акции со локалната заедница
- учество во еколошки проекти

12.4.Акции на солидарност

- Помош на деца во социјален ризик и од ранливи категории
- помош настари и изнемоштени лица;
- акции во елементарни непогоди;
- акции во крводарителство;
- формирање фонд за солидарност

Одговорен наставник: **Мирјана Гичевска, Наташа Ралевска-Вучкова**
Прилог: Програма за работа на клуб на ученици за Црвен крст.

12.5.Собирни акции

- Прибирање на културно благо;
- Прибирање на стара облека, обувки и учебници;

Одговорен наставник: **Наташа Ралевска-Вучкова**
Прилог: Програма

12.6.Волонтерски клуб „Тереза Фердинанди Литовска“:

- волонтерски акции

Одговорни наставници: **Мирјана Гичевска, Катерина Спасовска- Маурдева**
Прилог: Програма

13.СОРАБОТКА СО ДРУГИ УЧИЛИШТА, СТРУЧНИ ИНСТИТУЦИИ, МОН,БРО И ЦЕНТАРОТ ЗА СРЕДНО СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА

Училиштето реализира интензивна соработката со МОН, Бирото за развој на образованието, Центарот за средно стручно образование, средните училишта од градот и државата, со културни установи и институции, медиуми, спортски и еколошки друштва, Организација на Црвен крст и други.

Посебно внимание Училиштето им посветува на содржините и активностите:

- По повод државноста на Република Северна Македонија;
- По повод Патрониот празник на училиштето 3 Мај
- Светскиот ден на учителите и наставниците;
- Учество на натпревари (атлетика, ракомет, мал фудбал, кошарка, пинг-понг, одбојка, литературни читања, драмски настапи и натпревари во знаења по различни наставни предмети) на општинско и републичко ниво;
- Промоции на поетски збирки и книги (од ученици инаставници);
- Изложби на ликовни и графички творби;
- Промовирање на Училиштето преку електронските и печатените медиуми;

- Активности во чест на 4 Ноември
- По повод Нова година (програма за децата на вработените и посета на Заводот за деца со оштетен слух, говор и глас “Кочо Рацин“);
- Во чест на 8 Март, Денот на жената;
- По повод Денот на дрвото
- По повод 21март, Денот на екологијата;
- Денот на здравјето 7 Април
- Денот на Европа 9 Мај
- Во чест на св. Кирил и Методиј - првите словенски просветители
- Литературни читања,спортски натпревари, изложби и сл.
- Одбележување на разни јубилеи итн.

14.ЗДРАВСТВЕНА ЕДУКАЦИЈА И ПРЕВЕНЦИЈА

Брзото темпо на живеење, се повеќето предизвици со кои се судираат учениците во секојдневниот живот придонесоа за се поризично однесување на учениците и носење на одлуки штетни за нивното здравје. Затоа една од примарните цели на нашето училиште претставува промовирање на здрав стил на живеење и јакнење на индивидуалната, семејната и општествената одговорност за здравјето. Поставената цел ќе се реализира во соработка со локалната средина: Клиничка болница „Др.Трифун Пановски” – Битола, ЈУ Центар за јавно здравје Битола, Општинска организација на Црвениот крст - Битола, Завод за ментално здравје на деца и млади, приватни здравствени ординации, невладини организации кои вклучуваат активности од едукативен карактер од областа на здравството и сите волонтери, родители и поединци кои можат да дадат значителен придонес.

Во рамките на активностите за грижа за здравјето на учениците активно ќе се работи на:

- грижа за физичкото и менталното здравје (работилници за техники на учењето, проблемите во пубертетот, депресија, едукација за сексуално преносливи болести, дијабетес, говор на омраза, предрасуди, стереотипи)
- грижа за социјално здравје (работилници за комуникација на релација: наставник – ученик– родител- средина, посредување при конфликти, семејството и воспитната запуштеност на децата).

Покрај предвидените содржини во програмата за заштита и унапредување на здравјето на учениците, Училиштето организира:

- Задолжителни лекарски прегледи со учениците од I и IV год.;
- Вакцинации и ревакцинации;
- предавања, трибини, работилници, презентации.

Грижата за здравјето на учениците е составен дел и на наставните планови и програми во рамките на програмата за здраво живеење. Организацијата за здраво живеење дава можност за задоволување на индивидуалните интереси, потреби на учениците и можност за научно истражувачка работа на учениците низ соработка со родителите, локалната средина и интернет извори.

Во организацијата за грижа за здравјето на учениците опфатени се следните области и теми:

- унапредување на здравјето
- истражување на животната средина
- подобрување на вклучувањето на лицата со посебни потреби; За сите области заеднички теми се:
- компетентност за акција (знаење, посветеност, визија)
- СИВАП-методологија (фази на селекција, истражување, визија, акција,промена)

Одговорни наставници: **В. Христовска, М. Гичевска и класни раководители**
Прилог: Програма

15.УЧИЛИШНА КЛИМА И ОДНОСИ ВО УЧИЛИШТЕТО

Училиштето води грижа за климата во училиштето и за односите меѓу учениците, наставниците и родителите. Училиштето се грижи за дисциплината во училиштето и во училишниот двор. Има изготвено кодекс на однесување на ученици, наставници и други вработени во училиштето.

Училиштето има формирано тим за безбедно училиште и тим за превенција од врсничко насилство.

Прилог: Програма за безбедни училишта **Мирјана Гичевска**

Програма за превенција од врсничко насилство: одговорен наставник: **Марија Младеновска Димитровска и Наташа Ралевска Вучкова**

Училиштето негува односи на меѓусебно почитување на сите вклучени во воспитно-образовниот процес, води грижа за почитување на различностите, ги вклучува сите ученици во реализација на воннаставни активности. Има тим и одговорни наставници за мултикултурализам и за реализација на активности за проектот меѓуетничка интеграција во образованието

Прилог: Програма за мултикутурализам одговорен наставник: **Мирјана Гичевска**

Прилог: Програма за меѓуетничка интеграција во училиштето
одговорен наставник: **Наташа Ралевска-Вучкова**

16.ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВНИОТ КАДАР

Училиштето и во учебната 2025/26 година планира и ќе реализира различни видови обуки за професионално усовршување на наставниот кадар, ќе организира работилници, семинари, наставници ќе учествуваат на меѓународни научни и стручни конференции, ќе објавуваат стручни и научни трудови и статии во списанија, и промоција на училиштето во поширокаата средина. Училиштето води грижа за кариерниот развој на учениците низ процес на кариерно советување преку работата на Центарот за кариерен развој на учениците, кариерните

советници и педагошко-психолошката служба..

Прилог: Програма за кариерен развој
Одговорни наставници: **Валентина Ацевска и стручната служба.**

17.ВКЛУЧЕНОСТ НА СЕМЕЈСТВАТА ВО УЧИЛИШТЕТО

Родителите се вклучени во сите активности на училиштето преку родителски, групни и индивидуални средби, преку Советот на родители, Одбор на родители, преку учество во Училишниот одбор на училиштето, вклучени се во сите проекти кои се реализираат во училиштето и во донесување на одлуките. Наставниците и класните раководители редовно одржуваат контакти со родителите, имаат план за приемни денови на родители, а стручната служба реализира советодавни средби со родителите. Родителите се запознати сосите воннастани активности кои се реализираат, екскурзии, натпревари, учествуваат во приредби кои се реализираат во училиштето итн. Психолошко-педагошката служба организира работилници, трибини со родителите преку кои се врши едукација и советодавно-консултативна работа.

Прилог: Програма за советување на родители
Програма за советување на ученици Одговорни наставници: **стручните соработници**

18.КОМУНИКАЦИЈА СО ЈАВНОСТА И ПРОМОЦИЈА НА УЧИЛИШТЕТО

Училиштето редовно соработува со локалната заедница, преку вклученост во сите активности кои се реализираат во локалната заедница: учествува во реализација на проекти, трибини, собири, еко-акции, посета на инстиутции, се врши промоција на постигнатите резултати во локалните пишани и електронски медиуми. Училиштето соработува со МОН, Општината Битола, БРО, ЦССО, ДПИ, детски градинки, ЦЈЗ, ЦСО, ЦСР, невладини организации, Центар за култура, Завод и музеј, НУУБ, Универзитет “Св.Климент Охридски“ и приватни високообразовни установи, приватни компании, бизнис заедницата. Соработката се одвива преку вклученост во реализација на заеднички проекти, преку изведување на практична настава на наши ученици во компаниите итн.

Училиштето соработува со локалните печатени и електронски медиуми, кои редовно се информираат за сите настани и постигања на учениците и наставниот кадар.

Прилог: Програма за соработка со локалната заедница и промоција на училиштето
Тим за промоција на училиштето
Одговорен наставник: **Марија Младеновска-Димитровска**

РЕЗИМЕ

Успехот во работата се оценува врз основа на постигнатите резултати, така и реализацијата на програмата на СОУ „Таки Даскало“ Битола би бил успех за сите субјекти вклучени во воспитно-образовниот процес во учебната 2025/2026 година. Поставувањето на јасни вредносни критериуми за стекнување, оценување и примена на знаењето и вештините, претставува основна определба во мисијата на нашето училиште.

Согласно со условите во општина Битола, државата, регионот и Европа тежнееме кон модернизација на воспитно-образовниот систем и примена на стандардите кои ги налагаат евро-интегративните процеси, следење на движењата на пазарот на трудот и создавање на стручни кадри според потребите на бизнис секторот, како и кон континуирано инфраструктурно подобрување на просторно-техничките можности на училиштето.

Годишната програма претставува база за развој на СОУ „Таки Даскало“ Битола во регионален центар за обука и развој кој се темели на вредностите на македонското општество, ги унапредува и ги негува националните, културолошките и хуманистичките вредности, кои пак го развиваат чувството за заедништво, прифаќање и почитување на различностите, солидарноста, одговорноста за одржливиот развој, а преку тоа поттик и засилување на цивилниот сектор и развивање на демократското општество во целина.

Низ процес на координирано преземање на одговорност за прифаќање на промените и развојот на образовниот систем, носителите на воспитно-образовниот процес во училиштето со поддршка на локалната заедница ќе придонесат за унапредување на економскиот и социјалниот развојот во државата.

Битола **Директор**
СОУ„ТакиДаскало“

Август, 2025 **Ристо Грујовски**